Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
KOALICIONI
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
KOALICIJA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската унија.

Достапно единствено како електронско издание

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Постапките се следени во месец **јануари 2020** година кои се водат пред Основниот кривичен суд Скопје. Во овој месец од 38 насрочени рочишта пред овој суд, 23 рочишта биле одржани, а 15 рочишта биле одложени.

## ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

### КОК-3/19 под кодно име „Талир"

Рочиштето на 22.01.2020 година беше одложено поради тоа што се променети членовите на судечкиот совет. Судот ги извести странките во постапката дека назначените судии поротници не биле известени дека ќе се одржи рочиште на овој датум, па заради тоа рочиштето ќе се одложи.

### КОК-7/18 под кодно име „Титаник"

На 28.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител. Судот на записник констатираше дека јавниот обвинител е отсутен, поради тоа што користел денови од годишен одмор.

### КОК-30/17 под кодно име „Транспортер"

Во месец јануари од шест насрочени рочишта, четири беа одржани, а две се одложени.

На четирите одржани рочишта постапката продолжи во фаза на изведување на докази предложени од страна на одбраната. На овие рочишта се испитуваа сведоци и обвинети предложени од одбраната и се изведуваа материјални докази со читање на насловот на доказите. При испитување на еден обвинет, јавниот обвинител побара да се прочита исказот на обвинетиот даден во претходна постапка поради тоа што на главната расправа даде поинаков исказ. При испитување на еден сведок предложен од одбраната, истиот беше вкрстено испитуван од јавниот обвинител, но и од останатите обвинети во постапката.

Наредните две рочишта беа одложени, едното рочиште беше одложено поради тоа што во судот немаше соодветна судница за одржување на истото. Имено, во Основниот кривичен суд за овој предмет се користи судницата број 1 со оглед на тоа дека во предметот се обвинети 21 лице. Оваа судница беше зафатена бидејќи се одржуваше рочиште за предметот под кодно име „Рекет". Другото рочиште се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради неодложни приватни обврски.

## КОК-46/19 под кодно име „Божиновски“

- Предметот се води по Законот за кривичната постапка од 1997 година, кој се применува само во предмети започнати по истиот Закон (предмети започнати пред декември 2013 година)

На 21.01.2020 година постапката продолжи со давање на завршни зборови од странките во постапката. Судот неколку пати го опомена обвинетиот да не фотографира со телефон во судница бидејќи тоа е забрането, но сепак освен опомена судот не презема други поконкретни дејствија. Објавата на пресудата судот ја закажа на 11.02.2020 година, односно 20 дена откако е заклучен главниот претрес.

## КОК-47/17 под кодно име „Тврдина/Таргет“

На 27.01.2020 година на рочиштето за главна расправа по предлог на јавниот обвинител беше исклучена јавноста при испитување на сведок, а поради чување на државна, воена, службена или деловна тајна. Согласно чл.355 ст.2 од Законот за кривичната постапка, судот дозволи присуство на стручна јавност на набљудувачот од Коалиција „Сите за правично судење“. Јавниот обвинител побара, а судот дозволи да се отстапи од предложениот редослед на изведување на доказите утврден со сопствената листа на докази, со цел да се изведат материјални докази, како би можело на сведокот да му бидат предочувани истите и да бидат поставувани прашања по однос на доказите. Судот во неколку наврати го прекина директното испитување на сведокот од страна на јавниот обвинител, за да постави дополнителни прашања за појаснување на одговорите на сведокот. Одбраната на обвинетите побараа одлагање на рочиштето за да можат да се подготват за вкрстено испитување на сведокот. Судот го прифати предлогот за одлагање поради подготовка на вкрстеното испитување, но ги опомена странките дека во иднина нема повеќе да се дозволува одлагање на рочиштето поради подготовка на вкрстено испитување. Исто така, судот напомена дека ќе се забрза динамиката на изведување на доказите, со оглед на тоа што до сега се испитани само седум, од вкупно предложените шеесет сведоци од страна на јавниот обвинител, иако првото рочиште по предметот беше на 22.12.2017 година.

На рочиштето одржано на 31.01.2020 година, јавниот обвинител повторно побара од судот да се дозволи изведување на три материјални докази како би можеле да постават уште неколку прашања во директно испитување кое се одвиваше и заврши на минатото рочиште. Судот дозволи да бидат изведени трите докази посочени од обвинителот, како и дозволи да се продолжи со директното испитување. По испитувањето од страна на јавниот обвинител следуваше вкрстено испитување од страна на одбраната и обвинетите, кое вкрстено испитување судот неколку пати го прекина со цел да постави дополнителни прашања за појаснување. По завршување на вкрстеното испитување, судот продолжи со поставување прашања на сведокот, на кои прашања одбраната приговараше, истакнувајќи дека прашањата од судот не се однесуваат на дообјаснување на одговорите дадени во директно и вкрстено испитување, туку претставуваат посебно испитување на нови околности, но приговорите беа одбиени со образложение дека согласно ЗКП, судечкиот совет располага со ваквото право.

## КОК-52/17 под кодно име „Траекторија“

На 24.01.2020 година постапката продолжи со вкрстено испитување на вешто лице кое е предложено од страна на јавниот обвинител. Во текот на испитувањето што се спроведуваше од страна на одбраната, беа поставувани вкрстени прашања поврзани со нумерички резултати изнесени во самото вештачење, кои податоци вештото лице не можеше со сигурност да ги потврди или негира. Воедно јавниот обвинител истакнуваше приговори на ваквите прашања што дополнително ја ескалираше ситуацијата. Поради ова а со оглед на тоа дека се прашања за нумерички резултати од вештачењето, судот даде предлог прашањата кои беа поставени и на кои јавниот обвинител приговараше, како и прашањата кои одбраната не успеа да ги постави на ова рочиште, да бидат доставени во писмена форма до обвинителот, кој потоа треба да ги достави до вештото лице со цел истото соодветно да се подготви и да се продолжи со вкрстеното испитување на следното рочиште. Странките се согласија со предлогот на судот.

## КОК-53/17 под кодно име „ТНТ“

Во месец јануари беа насрочени четири рочишта по овој предмет, сите рочишта беа одложени.

На 13.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца бранители како и поради непотполн судечки совет. На самиот почеток од рочиштето, претседателот на судечкиот совет ги извести странките во постапката дека член на судечки совет – судија поротник со допис го известил судот дека дава неотповиклива оставка. Рочиштето на 14.01.2020 година се одложи поради отсуство на еден обвинет. Неговиот бранител го извести судот дека обвинетиот немал добиено уредна покана, за наредното рочиште судот даде наредба обвинетиот стражарно да биде приведен. Рочиштето на 15.01.2020 година беше одложено поради лошата здравствена состојба на обвинетиот. Јавниот обвинител даде предлог до судот постапката за овој обвинет да се раздвои, но судот го одби овој предлог откако одбраната приговараше дека постапката не може да биде раздвоена од причини што дејствијата на сообвинетите не може да се ценат поединечно во смисла на постоење на кривичното дело за кое се товарат како соизвршители. Рочиштето на 20.01.2020 година, исто така, беше одложено поради здравствената состојба на еден од обвинетите за што беше доставена медицинска документација, а воедно беше повикан и докторот кој ја издал оваа документација да даде појаснување на судот за медицинската состојба на обвинетиот. Согласно член 354 од ЗКП, судот ја исклучи јавноста поради заштита на приватниот живот на обвинетиот. По барање на одбраната беше дозволено присуство на стручна јавност, но само на претставниците на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## КОК-57/17 под кодно име „Топлик“

Рочиштето на 15.01.2020 година беше одложено поради тоа што во ист термин пред ист судечки совет е закажано рочиште по предметот КОК-53/17 под кодно име „ТНТ“, кое исто така беше одложено.

## КОК-60/17 под кодно име „Трезор“

На 28.01.2020 година постапката продолжи во фаза на изведување материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство. Материјалните докази се изведуваа со презентирање на содржината на докази од страна на јавниот обвинител кој го застапува предметот. Рочиштето не започна во предвидениот термин определен од страна на судот од причина што еден од обвинетите беше на друго рочиште во предмет каде што е исто така обвинет.

## КОК-64/17 под кодно име „Тендери“

Во месец јануари беа насрочени две рочишта по овој предмет, меѓутоа едното рочиште се одложи бидејќи пред истиот судечки совет во ист термин е закажано рочиште по друг предмет. Второто рочиште кое што беше насрочено за овој месец се одложи поради отсуство на јавниот обвинител. На самиот почеток од рочиштето, судот констатираше дека јавниот обвинител со писмен поднесок кој го доставил до судот, го известил за неговата спреченост да присуствува на закажаното рочиште за главна расправа. На ова рочиште беа назначени и двајца нови судии поротници, поради тоа што настана промена на судечки совет.

## КОК-66/17 под кодно име „Монструм“

- Предметот се води по стариот Закон за кривична постапка

На рочиштето за главен претрес на 14.01.2020 година постапката почна одново поради промена на судечки совет, односно промена на еден судија поротник. Од страна на судот беше определен нов судија поротник како и еден дополнителен поротник согласно член 275 од ЗКП. Странките се согласија постапката да почне одново само формално, без повторно да се изведуваат и презентираат доказите кои што веќе биле изведени. Главниот претрес беше прекинат поради тоа што потребно е време за судот да прибави докази, како и да одлучи по предлогот на јавниот обвинител за изведување на вербални докази како дополнение на доказна постапка.

## КОК-99/16 под кодно име „Шпион“

- Предметот се води по стариот ЗКП

На 31.01.2020 година јавно беше објавена пресудата по овој предмет, судот донесе ослободителна пресуда за обвинетите во постапката.

## К-1413/19 под кодно име „Талир 2“

Според обвинението штетата во овој предмет е 507.164.424 денари, во продолжение на доказната постапка, на ден 24.01.2020 година се изведуваа материјалните докази на јавното обвинителство. Материјалните докази се изведуваа со презентирање на содржината на доказот од страна на јавниот обвинител, имено по барање на одбраната доказите се прикажуваа на проектор.

## К-1904/16 под кодно име „Насилството во општина Центар“

На 27.01.2020 година одбраната ги изведуваше своите материјални докази кои што ги има предложено. Доказите се изведуваа со читање на насловот на доказот од страна на бранителите. Потоа беа испитани четири обвинети лица на предлог на одбраната, по директно испитување од страна на бранителите, јавниот обвинител ги испита обвинетите и вкрстено. Одбраната се обрати до судот дека ги немаат добиено записниците од последните две рочишта. На 31.01.2020 година продолжи постапката со изведување на доказите на одбраната, односно беа испитани останатите обвинети. Откако заврши нивното испитување јавниот обвинител наведе дека приговара на исказите на обвинетите, наведе дека во дуплика ќе предложи докази за побивање на доказите на одбраната и обвинетите. Јавниот обвинител наведе дека доказите ќе бидат предложени во писмена форма.

## К-1905/17 под кодно име „Титаник 3“

Рочиштето на 29.01.2020 година беше одложено поради тоа што сведокот кој што се наоѓа во Сојузна Република Германија го известил судот дека нема да биде во можност да даде исказ во наредните 6-7 месеци за што и приложил медицинска документација. Судот напомена дека се прават напори за да се овозможи испитување на сведокот преку видео конференција за што е известено е Министерството за правда.

## К-1959/17 под кодно име „Тортура“

На рочиштето на 20.01.2020 година доказната постапка продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител, беа презентирани видео записи со презентирање на содржината на доказот.

# ПРЕДМЕТИ НА ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

## КОК-38/16 под кодно име „Змиско око“

- Предметот се води по стариот ЗКП

На 22.01.2020 година главниот претрес беше заклучен со давање на завршни зборови од страна на јавниот обвинител, бранителите и обвинетите во предметот. Со оглед на тоа дека станува збор за предмет каде што има поголем број на обвинети лица, нотирано е дека главниот претрес започна иако не беа сите обвинети присутни во судската сала, а обвинетите влегоа во судница откако странките започнаа со давање на завршни зборови.

## КОК-88/15 под кодно име „Изгрев“

Рочиштето на 23.01.2020 година беше одложено поради тоа што вештачењето кое што се изготвува од областа на банкарството се уште не е готово од причина што во државата има само еден лиценциран вештак за ваков вид на вештачење.

## КОК-89/19 под кодно име „Специјална каса УБК“

На 20.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци. Сведоците се предложени од страна на застапникот на обвинението. На ова рочиште истите беа испитани само вкрстено од страна на одбраната, од причина што на минатото рочиште беше спроведено директното испитување. За ваквиот начин на испитување, согласност не е дадена од страна на јавниот обвинител.

На 28.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка. Притоа беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител. На рочиштето сведоците беа испитани директно од страна на јавниот обвинител, како и вкрстено од страна на одбраната. Одбраната на трето-обвинетата, не го искористи своето право да поставува вкрстени прашања на сведоците. Во текот на испитувањето, судот го искористи своето право согласно член 383 ст.5 од ЗКП, да поставува прашања на сведоците, со цел појаснување на веќе дадени одговори.

## КОК-115/16 под кодно име „Еразмус“

На 10.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. На самиот почеток од рочиштето, претседателот на судечки совет ги извести странките во постапката дека член на судечки совет- судија поротник има добиено виза за Сојузна Република Германија, па како резултат на тоа ќе настане промена на судечкиот совет. На прашање на судот, по дадената пауза за консултација со обвинетите, нивните бранители изјавија дека одбраната дава согласност досега изведените материјални докази да се изведат само со читање на наредно закажано рочиште за главна расправа.

## КОК-116/19 под кодно име „Рекет“

На 03.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беше испитан еден сведок. Сведокот е предложен од страна на јавниот обвинител како и од страна на одбраната. Како резултат на тоа, а заради целисходност и економичност на постапката, на истото рочиште беше спроведено негово испитување и од двете странки во постапката. Во текот на испитувањето, беа истакнати приговори како од страна на застапникот на обвинението така и од одбраната. Сите приговори судот ги забележа на записник.

На 23.01.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на двајца бранители на еден од обвинетите. Бранителите се спречени да присуствуваат на закажаното рочиште за главна расправа поради здравствени причини. Претседателот на судечкиот совет наведе дека ќе побара да се назначат бранители по службена должност за обвинетата, доколку нејзините бранители не бидат присутни на наредното рочиште за главна расправа. Како причина за ова судот наведе дека станува збор за притворски предмет, а се со цел да не се дозволи одолговлекување на постапката.

На 27.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението како и со испитување на еден сведок. Од причина што сведокот е предложен како од страна на застапникот на обвинението така и од одбраната, истиот беше испитан директно од двете страни. Можноста за негово вкрстено испитување беше искористена само од страна на одбраната.

На 28.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок. Сведокот е предложен од страна на застапникот на обвинението кој директно го испита истиот. Директното испитување беше спроведено на начин што јавниот обвинител го водеше сведокот низ исказот. Правото за вкрстено испитување на сведокот не беше искористено од страна на одбраната. При испитувањето, одбраната реагираше на начинот на кој се поставуваа прашањата од страна на јавниот обвинител.

На 29.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на сведоци. На рочиштето беа испитани вкупно пет сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението, од кои еден  беше предложен и од страна на одбраната. За четирите сведоци директното испитување беше спроведено од страна на застапникот на обвинението, а вкрстено од страна на одбраната. Сведокот кој што беше предложен од двете странки беше испитан по следниот редослед: директно од страна на јавниот обвинител, вкрстено од страна на одбраната, потоа директно од страна на одбраната. Јавниот обвинител не го искористи правото за вкрстено да го испита сведокот.

На 31.01.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител. Доказите беа изведени на начин што нивната содржина беше презентирана од страна на застапникот на обвинението. Рочиштето за главна расправа беше прекинато, по барање на еден од бранителите поради негови службени обврски во однос на друг предмет закажан истиот ден.

## Коментар:

Од набљудуваните рочишта во текот на месец јануари 2020-та година може да заклучиме дека судот во повеќе од една третина од случаите ги одложил рочиштата. Притоа, за жал, евидентно е дека голем дел од одложените рочишта се поради причини што можат да се превенираат во насока на подобра координација помеѓу странките и судот. Во овој поглед првенствено мислиме на причините за одлагање како резултат на преклопување на термините за рочиштата или поради зафатеност на судниците или поради отсуство на судии поротници. Исто така, сметаме дека е несоодветно странките да користат годишен одмор или да закажуваат други рочишта за други предмети во термини кога веќе се закажани и насрочени рочиштата. Во оваа насока ја поздравуваме практиката судот да определува дополнителни судии поротници, согласно ЗКП, со цел превенирање на случаите како што се погоре опишани. Сметаме дека оваа практика би требало почесто да се применува од судиите, без оглед на фактот што ваквата практика можеби би изискувала зголемување на бројот на судии поротници што би биле ангажирани за судењата.

Во текот на набљудуваните рочишта беше забележана практиката кога во текот на испитување од страна на странките, било да се работи за директно или вкрстено испитување на сведоците, судот да се вмешува со свои прашања. Сметаме дека ова е погрешна практика на судот и неправилна примена на овластувањата уредени во ЗКП, а кои се однесуваат на можноста судот само во исклучителни ситуации да поставува дополнителни појаснителни прашања, а не со новите прашања да ја нарушува динамиката на испитувањето на сведокот од страна на странките во постапката. Ваквиот „активизам“ на судот не е во склад и со неговата улога во постапката согласно новиот ЗКП, со оглед на тоа што на тој начин судот влегува во активно барање на материјалната вистина и се вмешува во улогата што законот му ја дава на јавниот обвинител.

Исто така, сметаме дека е несоодветна практиката прашањата на вештото лице да му се достават во писмена форма, па тоа подоцна на друго рочиште да одговара на веќе поставени прашања. Сметаме дека со оваа постапка се крши начелото на непосредност на кривичната постапка.

Од друга страна пак, сметаме дека е соодветна практиката на судот кога поради добивање на поцелосна слика од исказот на некој сведок, да се отстапи од редоследот на изведување на докази, па пред испитувањето на сведокот да се изведат определени материјални докази што се од значење и поврзани со исказот на сведокот. Сметаме дека оваа практика е соодветна и е насочена кон целосно остварување на начелата на целисходност, економичност и правичност на главната расправа.

Од набљудуваните рочишта, стекнавме впечаток дека судот треба да вложи дополнителни напори во поглед на временското управување со главната расправа во насока да не ги одложува рочиштата во случаите кога еден сведок бил испрашан директно, а вкрстеното испрашување да се одржи на следното рочиште. Сметаме дека преку оваа практика се нарушува динамиката на судењето и со губи смислата на вкрстеното испитување, па препорачуваме судот да внимава на временските рамки на судењето и по можност и директното и вкрстеното испитување на еден сведок да го спроведува на едно рочиште со цел целосно и правилно исполнување на целите од начелата на непосредност и контрадикторност на главната расправа.

Конечно, сметаме дека судот би требало да внимава со почетокот на рочиштата од главата расправа сите обвинети да бидат присутни во судницата и соодветно да го наведе нивното присуство и да не дозволува обвинетите последователно да влегуваат на рочиштата од главната расправа дури по нејзиниот почеток. Ова е од есенцијално значење за понатамошниот третман од страна на судот кон обвинетите. Односно, сметаме дека во услови на повеќе обвинети и покрај поголемите логистички проблеми, судот би требало да го започне рочиштето дури откако сите обвинети што се присутни во судската зграда ќе влезат во судницата, а не рочиштето да започне, па потоа обвинетите што чекаат надвор од судницата последовално да влегуваат во судницата.

Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

EU for YOU

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската унија.

Достапно единствено како електронско издание

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Постапките се следени во месец **февруари 2020** година кои се водат пред Основниот кривичен суд Скопје. Во овој месец од 48 насрочени рочишта пред Основниот кривичен суд Скопје, 35 рочишта биле одржани, а 13 рочишта биле одложени.

# ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

## КОК-3/19 под кодно име „Талир“

На 13.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет. Причина за одлагање е отсуство на еден од судиите заради здравствени причини. Судијата – член на советот, наведе дека имајќи предвид дека не постојат законски претпоставки за одржување на главна расправа, не е издадена наредба за спроведување на еден од обвинетите од куќен притвор во судот.

## КОК-7/18 под кодно име „Титаник“

Рочиштето на 10.02.2020 година беше одложено поради отсуство на еден обвинет. Судот и бранителот на обвинетиот немаа известување која е причината за неговото отсуство. Исто така, судот на записник констатираше дека една од обвинетите во постапката поднела писмен поднесок до судот со кој го известува судот дека на наредните две рочишта нема да може да присуствува бидејќи во истиот термин има насрочени рочишта и во предметот „Тврдина/Таргет“ каде што се јавува исто така во својство на обвинета.

На 20.02.2020 година, рочиштето се одржа и постапката продолжи во фаза на изведување докази предложени со обвинителниот акт. Беа испитани двајца сведоци од кои првиот сведок беше испитан директно од јавниот обвинител, потоа вкрстено од одбраната. Одбраната истиот сведок го имаше предложено за директно испитување, но тој предлог го повлече. Вториот сведок беше испитан директно од јавниот обвинител, а вкрстено од одбраната и еден обвинет.

## КОК-30/17 под кодно име „Транспортер“

На 04.02.2020 година рочиштето продолжи со изведување на материјални и вербални докази предложени од страна на одбраната и обвинетите. Беа испитани двајца сведоци и еден вештак, директно од страна на бранителот и вкрстено од страна на јавниот обвинител. При испитување на сведоците беа предочувани докази. По нивното испитување беа изведени материјални докази со читање на насловот на доказот од страна на странката која го предложила. По изведување на доказите беше испитана и обвинетата по предлог на одбраната, јавниот обвинител, исто така, ја испита обвинетата со вкрстени прашања.

На 07.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани дел од обвинетите. Од причина што двајца од нив, дале исказ различен од исказот даден пред обвинителство, застапникот на обвинението побара, а судот дозволи да се прочита нивниот исказ. Дополнително, на рочиштето беше сослушан и технички советник предложен од одбраната. Истиот беше испитан директно од одбраната и вкрстено од застапникот на обвинението. При испитувањето, странките во постапката приговараа на начинот на кој се поставуваат прашањата, а судот сите приговори ги нотираше на записник. Во насока на тоа, се продолжи и со изведување на материјални докази на предлог на одбраната.

На 11.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа се изведуваа материјални и вербални докази предложени од страна на одбраната. Дополнително на ова рочиште за главна расправа, одбрана дадоа и дел од обвинетите. Изведувањето на материјалните докази беше спроведено на начин што се читаше насловот на истите, од страна на странката која ги предложила доказите. На самиот почеток, пред истиот да биде испитан, сведокот беше поучен за своите права од страна на судот, и истиот беше испитан директно од одбраната, како и вкрстено од јавниот обвинител.  При испитување на обвинетиот, јавниот обвинител побара да се прочита исказот дадена во претходна постапка, од причина што истиот на расправата даде поинаков исказ. Судењето траеше до 17.20 часот, па во таа насока и рочиштето за главна расправа беше прекинато поради истек на работното време на судот.

На 14.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани двајца обвинети на предлог на одбраната. Дополнително, на барање на јавниот обвинител, а со дозвола на судот, беше прочитан исказ на еден од обвинетите даден во претходна постапка пред обвинителство, од причина што иститот даде различен исказ на рочиштето. Дополнително, се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната со читање на нивниот наслов. Судот констатираше дека се изведени сите предложени докази во постапката, по што побара од странките да се произнесат по однос на нивните предлози за дополнение на доказна постапка. По однос на доставените предлози, судот ќе одлучи на наредно закажано рочиште за главна расправа.

На 18.02.2020 година, на рочиштето за главна расправа, јавниот обвинител се произнесе усно на записник по однос на доказите кои што се предложени од страна на одбраната на претходното рочиште. По час и половина пауза дадена од страна на судот, по советување и гласање, судот донесе решение и одлучи за доказите, односно кои од нив се прифаќаат, а кои се одбиваат со образложени причини за одлуката.

На 20.02.2020 година, на рочиштето за главна расправа, во фаза на дополнение на доказна постапка беше испитано едно вешто лице, од областа на економско – финансиско вештачење, предложено од страна на јавниот обвинител. На рочиштето беа присутни уште двајца вешти лица кои што не беа испитани, но изјавија дека се приклучуваат кон исказот на вештото лице, од причина што сите заедно го изготвувале вештиот наод и мислење. Испитувањето на вештото лице се спроведе во присуство на двајца технички советници повикани од страна на одбраната. Испитувањето на вештото лице е со цел да се разјаснат сите прецизирања на пресметки во одредени табели кои се дел од предметниот  вешт наод и мислење. Дополнително, одбраната побара од судот да се направи супервештачење, но судот го одби таквиот предлог со образложение дека одбраната имала можност на ова рочиште во присуство на своите технички советници да ги расчистат и објаснат сите спротиставувања во вештачењата. При

испитувањето на вештото лице, судот го искористи своето право согласно член 383 ст.5 од ЗКП, да поставува прашања со цел разјаснување на веќе дадени одговори.

## КОК-46/19 под кодно име „Божиновски“

- Предметот се води по стариот ЗКП

На 11.02.2020 година судот одржа рочиште за објава на пресуда, Судот донесе ослободителна пресуда. Во изрекувањето на пресудата, судот се осврна на изведените докази и на тоа дека не е исполнето законското битие на кривичните дела.

## КОК-47/17 под кодно име „Тврдина/Таргет“

На 12.02.2020 година беше испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител, при директното испитување, јавниот обвинител го водеше сведокот низ исказот со прашања. Директното испитување траеше повеќе од 3 часа, а поради тоа одбраната и обвинетите побараа пауза и испечатен записник од дадениот исказ на сведокот за да можат да пристапат кон вкрстено испитување. По паузата одбраната побара од судот вкрстеното испитување да биде одложено за наредното рочиште како би можеле да ги подготват прашањата, со оглед на тоа дека сведокот одговарал на стручни прашања ќе им биде потребно помош од технички советник. Судот го одби ваквото барање со образложение дека им било напоменато на почетокот на судењето дека вкрстеното испитување ќе биде веднаш после директното испитување како што налага ЗКП и дека одложувањето сериозно може да го наруши правото на судење во разумен рок. По оваа одлука на судот, само еден обвинет пристапи кон вкрстено испитување на сведокот.

На 14.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок, предложен до страна на застапникот на обвинението. Се спроведе само директно испитување на сведокот од страна на јавниот обвинител, на начин што истиот го водеше низ исказот со прашања. Одбраната побара, а судот дозволи вкрстеното испитување на сведокот да се спроведе на наредно рочиште заради обемност на неговиот исказ се со цел да се подготват за негово испитување.

На 24.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани двајца сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител. Истите беа испитани само директно од страна на застапникот на обвинението, а одбраната не го искористи своето право да постави вкрстени прашања на сведоците. При испитувањето, судот го искористи своето право согласно чл. 383 ст.5 од ЗКП, и самиот да постави прашања до сведокот, во насока на појаснување на веќе дадени одговори. Дополнително судот донесе решение со кое што одлучи да ја исклучи јавноста на судењето, а заради чување на државна/службена тајна. Во насока на тоа, судот дозволи присуство на стручна јавност, согласно чл. 355 ст.2 од ЗКП.

На 28.02.2020 година, во фаза на доказна постапка, беа испитани двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител. Најпрво се спроведе директно испитување од страна на застапникот на

обвинението, а потоа се продолжи со вкрстено испитување од одбраната. Во текот на испитувањето, одбраната реагираше за начинот на кој што се поставуваат прашањата од страна на јавниот обвинител, а судот сите приговори ги нотираше на записник. Текот на расправата се снима аудио-видео, а се води и записник преку диктирање од страна на судијата. Дополнително, судењето не беше јавно, односно судот донесе решение за исклучување на јавноста поради чување на државна, воена, службена или деловна тајна. Во насока на тоа, судот дозволи присуство на стручна јавност, согласно член 355 ст.2 од ЗКП.

## КОК-52/17 под кодно име „Траекторија“

На 07.02.2020 година, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице, од областа на финансиско – материјално работење. Се спроведе негово вкрстено испитување од страна на одбраната, а во текот на испитувањето, јавниот обвинител немаше приговори по однос на начинот на кој што се поставуваат прашањата. Вештакот одговараше на прашања кои што претходно му беа електронски доставени од одбраната.

На 19.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причината за одлагање на рочиштето е тоа што одбраната доцна ги доставила прашањата до јавниот обвинител, практично само еден ден пред закажаното рочиште за главна расправа, спротивно на договореното. Целта на електронското доставување на прашањата до вештото лице, преку јавниот обвинител е да се остави доволно време на вештото лице да се подготви соодветно за вкрстеното испитување, односно да ги анализира прашањата, а во насока на наредното рочиште даде јасни и прецизни одговори.

На 27.02.2020 година, во фаза на доказна постапка, се испитуваше едно вешто лице од областа на градежништво, на предлог на јавниот обвинител. Вештото лице се испитуваше вкрстено од страна на одбраната, на начин што бранителите ги читаа прашањата кои што претходно му ги доставиле на вештото лице во електронска форма. Текот на постапката се снима аудио-визуелно, а дополнително се води и записник со директно внесување од страна на записничар.

## КОК-53/17 под кодно име „ТНТ“

На 06.02.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни зборови од страна на јавниот обвинител, бранителите и обвинетите во постапката. Обвинетите се произнесоа по однос на вина и истите беа поучени за своите права во постапката, при што судот истите само ги наброи.

На 14.02.2020 година рочиштето беше одложено поради тоа што третообвинетиот достави до судот поднесок – медицинска документација со која му е одредено 15 дневно боледување.

На 18.02.2020 година рочиштето продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител. Доказите се изведуваа со презентирање на нивната содржина од страна на странката која ги предложила.

## КОК-60/17 под кодно име „Трезор“

На 06.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на бранител. Причината за неговото отсуство, како што наведе судот е тоа што истиот имал закажано друго судење во Основниот суд Кавадарци притоа не обезбедил заменичко полномошно, поради што не беше обезбедена одбрана за еден од обвинетите. Судот му изрече опомена на отсутниот бранител, кој ќе биде казнет доколку на наредното закажано рочиште не биде присутен, или не обезбеди заменичко полномошно за друг бранител.

На 20.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител. Доказите се изведуваа на начин што застапникот на обвинението ги читаше насловите на доказите.

На 26.02.2020 година рочиштето продолжи со изведување на материјални докази од страна на јавниот обвинител. Се изведуваа документи и аудио снимки од незаконско прибавените разговори. Доказите се изведуваа со презентирање на нивната содржина од страна на странката која ги предложила.

## КОК-64/17 под кодно име „Тендери“

Постапката по овој предмет започна од почеток поради промена на двајца судии поротници. На рочиштето на 24.02.2020 година странките дадоа воведни говори, а обвинетите беа поучени за нивните права и истите се произнесоа дека не се чувствуваат за виновни. Пред да пристапи јавниот обвинител со изведување на материјалните докази, одбраната изнесе предлог пред судот да се изведуваат доказите со презентирање на содржината кои што претходно биле изведени само со читање на насловот на доказот. По овој предлог, судот го одложи рочиштето како би можел јавниот обвинител да се произнесе.

## КОК-66/17 под кодно име „Монструм“

- Предметот се води по стариот ЗКП

На 03.02.2020 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението. Дополнително, поради тоа што претходно настана промена на судечкиот совет, материјалните докази се изведуваа формално на записник, а за таквиот начин на изведување, согласност е дадена од страна на странките во постапката.

На 19.02.2020 година, во фаза на доказна постапка се изведуваа вербални докази, односно се испитуваа двајца сведоци, предложени од страна на застапникот на обвинението. Во текот на испитувањето, јавниот обвинител и одбраната меѓусебно приговараа за начинот на кој се поставуваат прашањата. За текот на главниот претрес, се води записник, преку диктирање од страна на судијата.

## К-1413/19 под кодно име „Талир 2“

На 25.02.2020 година, главната расправа формално започна одново поради промена на судечкиот совет, односно промена на судија поротник – член на судечки совет. Странките во постапката изјавија дека остануваат на воведните говори дадени на 22.11.2019 година, односно дека истите немаат друго што да додадат. Обвинетите се произнесоа по однос на вина и истите беа поучени за своите права во постапката од страна на судот. Дополнително, се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител. Доказите се изведуваа на начин што јавниот обвинител ја презентираше нивната содржина.

## К-1904/16 под кодно име „Насилството во општина Центар“

На 12.02.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок, предложен од страна на јавниот обвинител. Од причина што истиот е предложен и од страна на одбраната, судот дозволи да во рамки на истото рочиште се изврши и негово директно испитување од страна на одбраната. Во текот на испитувањето, меѓусебно приговараа обвинителот и бранителите за начинот на кој се поставуваат прашањата. Сите приговори, судот ги нотираше на записник.

На 24.02.2020 година, на рочиштето не се појавија странките во постапката, набљудувачот беше известен од страна на техничкиот персонал на судот дека рочиштето е одложено по претходен договор помеѓу странките во постапката поради отсуство на техничкиот советник.

## К-817/11 под кодно име „Маџар Телеком“

Рочиштето на 10.02.2020 година се одложи по барање на јавниот обвинител бидејќи имал судење во ист термин за друг предмет во одделението за организиран криминал и корупција.

На рочиштето на 11.02.2020 година сведокот беше испитан вон претрес – по барање на самиот сведок бидејќи не бил во можност да доаѓа во суд.

Рочиштето на 26.02.2020 година беше одложено поради отсуство на сведокот кој што живее во друга држава.

## К-1905/17 под кодно име „Титаник 3“

На 19.02.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на сведок, поради тоа што истиот се наоѓа во Германија.  Судот наведе дека е воспоставена комуникација со судот во

Германија преку Европравда (EuroJust), како и дека на наредно рочиште ќе се овозможи испитување на сведокот преку видео конференција. Текот на расправата се снима аудио-визуелно, а паралелно се води и записник преку диктирање од страна на судијата.

## К-1959/17 под кодно име „Тортура“

На 04.02.2020 година, во фаза на доказна постапка се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител и оштетениот во постапката. Изведувањето се спроведе со читање на насловот од доказите. Текот на расправата се снима аудио-визуелно, а дополнително се води и записник, преку директно внесување од страна на записничар.

На 17.02.2020 година, судењето не беше јавно, односно судот донесе решение за исклучување на јавноста, а заради чување на деловна, државна, службена или воена тајна како и заради заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот. Дополнително, судот не дозволи присуство на стручна јавност, согласно член 355 ст.2 од Законот за кривичната постапка.

На 27.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на докази предложени од страна на застапникот на обвинението. Имено, поради тоа што оштетениот остана на исказот даден претходно, поточно на рочиштето за главна расправа од 18.03.2018 година, судот само го прочита неговиот исказ. Оштетениот беше испитан вкрстено од страна на одбраната, а дополнително прашање беше поставено и од страна на член на судечки совет, односно судија- поротник. Расправата беше прекината, поради отсуство на двајца сведоци, повикани од страна на јавниот обвинител. Причина за нивното отсуство е неуредна достава на покана.

# ПРЕДМЕТИ НА ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

## КОК-2/20 под кодно име „27ми април - организатори“

Иако странките во постапката беа присутни и беа исполнети законските претпоставки за одржување на главна расправа, рочиштето на 21.02.2020 година се одложи по предлог на одбраната поради тоа што обвинетите не можат да се произнесат по однос на прашањето дали се чувствуваат виновни бидејќи одбраната ги нема добиено сите докази предложени од страна на јавниот обвинител. Судот донесе решение да им ги достави сите докази на одбраната на ЦД и го одложи рочиштето.

На 26.02.2020 година на рочиштето главната расправа започна со давање на воведни говори од страна на јавниот обвинител. Обвинетите беа прашани од страна на судот дали разбираат за што се обвинети и беа поучени за нивните права, судот само ги наброја правата на обвинетите, а по однос на прашањето дали се чувствуваат виновни, обвинетите се произнесоа дека не се чувствуваат виновни.

## КОК-38/19 под кодно име „Ликвидација“ (се води по стариот ЗКП)

На 11.02.2020 година, рочиштето за главен претрес се одложи, од причина што предметот со сите списи се наоѓа во Врховниот суд на РСМ. Судот констатираше дека е настаната промена во судечкиот совет, односно согласно одлуката на Претседателот на судот, судечкиот совет го сочинуваат нови членови – судии поротници.

## КОК-115/16 под кодно име „Еразмус“

На 03.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на завршни зборови. Завршни зборови беа дадени од страна на јавниот обвинител, обвинетите како и нивните бранители. Текот на расправата се снима аудио-визуелно, а паралелно со тоа се води и записник, преку диктирање од страна на судијата.

## КОК-116/19 под кодно име „Рекет“

На 06.02.2020 година рочиштето продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител, материјалните докази се изведуваа со читање на нивната содржина од страна на јавниот обвинител.

На 11.02.2020 година рочиштето продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител. Дел од доказите на јавното обвинителство нема да се изведат во оваа фаза од постапката бидејќи во моментот кога биле одобрени од страна на советот за оцена на обвинителниот акт истите се уште не биле изготвени и одбраната не е запознаена со нив, па така овие докази ќе се изведат како дополнение од страна на јавниот обививинтел. Доказите се изведуваа со читање на нивната содржина од страна на јавниот обвинител.

На 13.02.2020 година рочиштето продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител, материјалните докази се изведуваа со читање на нивната содржина од страна на јавниот обвинител. Одбраната приговараше дека не им бил даден пристап до сите докази прибрани од страна на обвинителството.

На 14.02.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител, на начин што истиот ја презентираше нивната содржина. На предлог на застапникот на обвинението, судечкиот совет донесе решение за исклучување на јавноста а заради заштита на приватноста на обвинетите. Дополнително, судот дозволи присуство на стручна јавност согласно чл. 355 ст. 2 од ЗКП.

На 17.02.2020 година доказната постапка продолжи со изведување на материјални докази обезбедени со посебни истражни мерки. Се изведуваа фотографии и видеа од следењето на обвинетите како и извештаи за нивното следење. Одбраната реагираше поради тоа што за дел од извештаите за следење нема видео снимки или фотографии со кои може да се поткрепат извештаите. Одбраната исто

така реагираше дека овие докази со ПИМ се за периодот јуни-август 2019 година, а кривично-правниот настан е во периодот ноември 2018-февруари 2019 година.

На 18.02.2020 година доказната постапка продолжи со изведување на материјални докази, аудио снимки кои што во текот на претходната постапка биле доставени до обвинителството од страна на третообвинетиот во предметот, а сега веќе осудениот. По предлог на јавниот обвинител, судот донесе решение за исклучување на јавноста поради заштита на приватниот живот на обвинетите и трети лица. Согласно чл. 355 ст. 2 од ЗКП беше дозволено присуство на стручна јавноста на набљудувачот од Коалиција „Сите за правично судење".

На 20.02.2020 година доказната постапка продолжи со изведување на докази предложени од страна на одбраната. Беше испитан еден сведок предложен од страна на првообвинетиот. Сведокот беше директно испитан од страна на бранителот, а потоа и вкрстено од страна на јавниот обвинител.

На 27.02.2020 година рочиштето беше одложено поради отсуство на двајцата сведоци кои што беа повикани за испитување на ова рочиште. За едниот сведок има неуредна достава, додека пак другиот сведок има доставено поднесок до судот дека е на службен пат. Судот на ова рочиште се произнесе и во врска со предлогот за укинување на мерката притвор, судечкиот совет согласно чл.172 ст.2 од ЗКП донесе решение со кое се одбива предлогот односно дека сеуште постојат условите од член 165 ст.1 т.1 и 3 од ЗКП.

На 28.02.2020 година рочиштето беше одложено поради отсуство на сведоци.

## Коментар:

Во текот на месец февруари, бројот на одржани рочишта во однос на одложените рочишта е скоро 3 спрема 1, односно рочиштата се одржале во скоро 75% од случаите. Притоа, како причини за одлагање се веќе редовно познатите, кои, како што и претходно имаме напоменато, сметаме дека може да се намалат во услови на подобра координација помеѓу судот и странките.

Интересно за коментар е дека во најголемиот дел од набљудуваните рочишта судот при поуката за правата на обвинетите само им ги има набројувано правата на обвинетите, без притоа да навлезе во подетално објаснување на нивната суштина за обвинетите. Сметаме дека, без оглед на фактот дека во најголемиот број на набљудувани рочишта обвинетите имаат бранител по сопствен избор и најчесто се работи за едуцирани обвинети, судот треба да обрне поголемо внимание при објаснувањето на правата на обвинетите, а не само таксативно да ги наброи истите.

Судот би требало да го контролира и координира јавниот обвинител во поглед на неговата обврска за споделување на доказите со спротивставената странка, со што би се одбегнале ситуациите кога би се одлагале рочишта поради приговорот на бранителите и обвинетите дека немале увид во доказите на јавниот обвинител и поради тоа не можеле ефикасно да ја подготват својата одбрана.

Правилен е ставот на судот дека вкрстеното испитување на сведоците би требало да се одвива на истото рочиште по директното испитување, со цел исполнување на начелата на контрадикторност и непосредност на главната расправа. Сметаме дека се неправилни тврдењата на бранителите дека не

се подготвени за вкрстено испитување, без оглед на времетраењето на исказот, бидејќи тие и од порано имаат право на увид во доказите на јавниот обвинител, па соодветно на тоа и можеле да се подготват за вкрстеното испитување на сведоците. Дотолку повеќе, сметаме дека барањата за одлагање на рочиштата поради неподготвеност на странките за поставување на прашања на сведоците не може да бидат прифатлив аргумент за судот.

Сметаме дека во услови на поднесен приговор за дозволеноста на поставените прашања на сведоците од страна на спротивставените странки во текот на доказната постапка, судот би требало да одлучи соодветно на тоа да побара било преформулирање на прашањата било бришење на таквите прашања од записникот, а сведокот да не одговара на истите, а не само приговорот да биде нотиран на записникот со зборовите се прифаќа или се одбива.

Во поглед на изведувањето на материјалните докази имаме забележано определена шареноликост во постапување на судот. Па така, на определени рочишта материјалните докази се изведуваат само преку читање на нивниот наслов, а на други се објаснува и нивната содржина. Сметаме дека вториот начин е правилен за изведување на материјалните докази и судот би требало да ја следи оваа практика.

Во поглед на одлагањата, се чини дека судот сосема правилно ги опоменува бранителите да внимаваат на нивниот распоред и ангажман и во услови на прекопување на рочиштата да достават заменички полномошна. Во спротивно, бранителите ризикуваат да бидат казнети за непочитување на судот, а и непотребно и неоправдано да го оптоварат и одолговлечат редовниот тек на кривичната постапка.

Во поглед на примената на доказите прибавени со ПИМ, сметаме дека судот би требало да обрне поголемо внимание во поглед на нивната содржина и временска покриеност, особени имајќи ја предвид нивната интрузивна природа во поглед на уставно загарантираните човекови права и слободи.

Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

EU for YOU

AD

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата„Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската унија.

Достапно единствено како електронско издание

### АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Постапките се следени во месец **март 2020** година кои се водат пред Основниот кривичен суд Скопје. Во овој месец од 27 насрочени рочишта пред овој суд, 19 рочишта биле одржани, а 8 рочишта биле одложени.

## ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

### КОК-3/19 под кодно име „Талир“

На 02.03.2020 година на рочиштето започна главната расправа по овој предмет со давање на воведни говори од страна на јавниот обвинител, бранителите и обвинетите во постапката. На почетокот на рочиштето судот со решение одби дел од доказите предложени од страна на одбраната од причина што доказите се предложени на исти околности и се во насока на одолговлекување на постапката (предложени биле околу 800 сведоци).

### КОК-7/18 под кодно име „Титаник“

На 05.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вкупно шест сведоци. Сведоците беа испитани директно од страна на јавниот обвинител, како и вкрстено од страна на одбраната. Со оглед на тоа дека сведоците биле предложени и од страна на одбраната, бранителите истакнаа дека ги повлекуваат предлозите за директно испитување на пет сведоци, односно дека ќе пристапат кон директно испитување на само еден сведок. При испитување беа користени искази дадени во претходна постапка, заради неконзистентност на исказите дадени од страна на сведоците.

На 11.03.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани тројца сведоци, предложени од двете страни во постапката. Во текот на рочиштето одбраната го повлече предлогот за директно испитување на еден од сведоците, па о страна на одбраната се спроведе директно испитување само на двајца сведоци, а јавниот обвинител не се впушти во нивно вкрстено испитување. При испитувањето судот го искористи правото согласно член 383. ст. 5 од ЗКП и самиот поставува прашања на сведоците, во насока на појаснување на веќе дадени одговори. Текот на расправата се снима аудио-визуелно, а дополнително се води и записник преку директно внесување од страна на записничар. Поради отсуство не еден бранител, кој што го нема известено судот за причините за неговата спреченост да присуствува на рочиштето за главна расправа, судот го казни со 1000 евра во денарска противвредност.

Рочиштето на 13.03.2020 година беше одложено поради тоа што еден од обвинетите и двајца бранители во предметот се отсутни поради тоа што користат мерки од Владата на Р. Северна Македонија за заштита од КОВИД-19.

## КОК-30/17 под кодно име „Транспортер“

На 02.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите поради здравствени причини. Обвинетиот до судот има доставено медицинска документација како доказ за неговата спреченост да присуствува на рочиштето за главна расправа.

Рочиштето на 04.03.2020 година беше одложено поради отсуство на еден обвинет кој што е на лекување во болница. Судот ги извести странките дека стапил во контакт со болницата од каде што добиле информација дека обвинетиот е во добра здравствена состојба и способен е да го следи судењето. Судот ги извести странките дека известувањето од болницата ќе го добијат и писмено.

На 06.03.2020 година рочиштето продолжи со давање на завршни зборови од страна на јавниот обвинител, оштетениот, како и четири бранители и пет обвинети лица во постапката.

На 10.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на завршни зборови. Вкупно 12 обвинети лица ги дадоа своите завршни зборови.

На 11.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа, обвинетите лица даваа завршен збор.

## КОК-47/17 под кодно име „Тврдина/Таргет“

На 03.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на тројца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител. Откако се заврши со директно испитување, одбраната пристапи кон вкрстено испитување на сведоците. Судот го искористи своето право согласно 383.ст.5 од ЗКП и самиот да поставува прашања до сведоците, со цел појаснување на веќе дадени одговори. Судот донесе решение за исклучување на јавноста од судењето, заради чување на државна, службена тајна. Дополнително, дозволи присуство на стручна јавност согласно чл, 355 ст.2 од ЗКП.

На 16.03.2020 година рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на еден бранител и еден обвинет кои согласно препораките од Министерството за здравство и Владата на Р. Северна Македонија за КОВИД-19 треба да останат во домашна изолација.

## КОК-52/17 под кодно име „Траекторија“

На 10.03.2020 година, во фаза на доказна постапка се спроведе вкрстено испитување на вешто лице од областа на финансии, од страна на одбраната. Вештото лице одговараше на прашања кои што претходно од страна на одбраната му биле доставени по електронски пат.

## КОК-53/17 под кодно име „ТНТ“

На 06.03.2020 година доказната постапка продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство. Се презентираше содржината на видео снимка од одржана седница на Собраниска комисија на Р. Северна Македонија.

На 12.03.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите а заради ситуацијата со КОВИД-19.

## КОК-60/17 под кодно име „Трезор“

Рочиштето на 09.03.2020 година беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител од лични причини.

## КОК-66/17 под кодно име „Монструм“

- Предметот се води по стариот ЗКП

На 10.03.2020 година, во фаза на доказна постапка се испитуваа тројца сведоци, на предлог на јавниот обвинител. Во текот на испитувањето, застапникот на обвинението приговараше за начинот на кој се поставуваат прашањата од страна на одбраната, а сите приговори судот ги констатираше на записник. Текот на постапката се снима аудио-визуелно, а паралелно со тоа се води и записник преку директно внесување од страна на записничар.

Рочиштето на 16.03.2020 година продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на обвинителството.

## К-1905/17 под кодно име „Титаник 3“

На 03.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со директно и вкрстено испитување на еден сведок. Со оглед на тоа што сведокот се наоѓа во Германија, неговото испитување се спроведе преку видео-конференција. Странките во постапката меѓусебно приговараа за начинот на кој што се поставуваат прашањата, а судот сите приговори ги нотираше на записник. Во дополнение на доказна постапка, еден од обвинетите предложи графолошко вештачење изготвено од страна на вешто лице од странство, од причина што во Р. Северна Македонија нема вешто лице кое што врши вештачења од таа област. Јавниот обвинител се произнесе по однос на ваквиот предлог и наведе дека не се противи, а во насока на тоа и не побара да го испита вештото лице. Судот донесе решение со кое што одлучи да го прифати предлогот на обвинетиот. Дополнително и вториот обвинет поднесе предлог до судот со цел да му се определи рок во рамки на кој и тој ќе обезбеди вештачење од таков вид, кој што иако имал уплатено за вакво вештачење истото го нема добиено, поради ситуацијата со вештаци од оваа област во нашата држава. Судот, по советување, одлучи да го одбие ваквиот предлог со образложение дека не станува збор за конкретен доказ туку за

временски период за обезбедување на истиот што оди во насока на одолговлекување на постапката, а дополнително што и самиот обвинет до сега нема поднесено ваков предлог иако имал можности имајќи предвид дека постапката трае веќе 3 години.

На 16.03.2020 година рочиштето беше одложено поради отсуство на еден обвинет, обвинетиот достави медицинска документација преку неговиот бранител дека согласно препораките од Министерството за здравство и Владата на Р.Северна Македонија за КОВИД-19 вирусот требада остане во домашна изолација.

## ПРЕДМЕТИ НА ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### КОК-2/20 под кодно име „27ми април - организатори“

На 09.03.2020 година, на рочиштето за главна расправа, воведен говор даде одбраната, односно дел од обвинетите како и нивните бранители.

### КОК-88/15 под кодно име „Изгрев“

Рочиштето на 04.03.2020 година беше одложено поради тоа што сеуште не е изготвено вештачењето што е предложено од страна на одбраната, воедно не беше присутен и еден обвинет кој доставил до судот медицинска документација дека има влошена здравствена состојба.

### КОК-115/16 под кодно име „Еразмус“

На 09.03.2020 година, судот ја изрече и јавно ја објави пресудата. Судот донесе осудителна пресуда за 4 лица од кои: за првообвинетиот изрече ефективна казна затвор од 2 години, за второ и третообвинетиот изрече ефективна казна затвор од 2 години и 6 месеци, за четвртообвинетиот условна осуда во траење од 2 години, додека пак за петто-обвинетиот изрече ослободителна пресуда. За сите обвинети кое се огласени за виновни е изречена забрана на вршење професија, дејност или должност.

### КОК-116/19 под кодно име „Рекет“

На 03.03.2020 година, во фаза на доказна постапка се продолжи со испитување на сведоци предложени со листата на докази на првообвинетиот. Јавниот обвинител го искористи правото и пристапи кон вкрстено испитување на дел од сведоците. Одбраната приговараше за начинот на кој што се поставуваат прашања до сведоците, а сите приговори судот ги нотираше на записник.

На 04.03.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на одбраната. Јавниот обвинител не ја искористи

можноста за вкрстено ги испита сведоците, што значи дека истите беа испитано само директно. За еден сведок, бранителот на првообвинетиот побара од судот да му дозволи  да го испита вкрстено, и истиот сведок го прогласи за „непријателски“. Јавниот обвинител приговараше по однос на ова барање при што изјави дека не се исполнети законските услови предвидени согласно чл. 385 ст. 5 од ЗКП. Судот донесе решение и дозволи да се испита сведокот вкрстено од страна на бранителот. Јавниот обвинител приговараше за начинот на кој се поставуваат прашањата од страна на одбраната, а судот сите приговори ги нотираше на записник.

На 06.03.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок, предложен од страна на одбраната. Јавниот обвинител го искористи своето право и пристапи кон вкрстено испитување на сведокот. Дополнително, се изведуваа и материјални докази предложени од страна на првообвинетиот. Доказите се изведуваа на начин што се презентираше содржината на доказите од страна на неговиот бранител. Сведокот имаше потреба од преведувач и истиот беше обезбеден веднаш од страна на судот.

На 12.03.2020 година, во фаза на доказна постапка се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната. Изведувањето се спроведе на начин што обвинетиот ја презентираше содржината на доказите.

На 13.03.2020 година, во фаза на доказна постапка се продолжи со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната, поточно од страна на второ-обвинетата. Дел од доказите беа изведени во присуство на јавноста, а дел не беа изведени со исклучена јавност поради што судот на барање на одбраната донесе решение за исклучување на јавноста во дел од постапката, поради заштита на службена или деловна тајна. Дополнително, судот дозволи присуство на стручна јавност, согласно член 355 ст. 2 од ЗКП.

## Сумарен коментар:

Во текот на набљудуваните рочишта од овој месец бевме сведоци за делумна ефикасност во работата на судот, која за жал, овој пат беше нарушена со новонастанатата состојба со почетокот на ширењето на вирусот КОВИД – 19, кој имаше определено влијание врз редовната работа на судот, од причини што во втората половина од месец март, поголемиот број на рочишта беа одложени токму поради овие причини.

Во однос на одржаните рочишта, со задоволство може да констатираме дека судот во насока на остварување на својата ефикасност во право-раздавањето успешно ги искористил алатките на модерната ИКТ на тој начин што сослушал сведок преку видео-конференциска врска кој што физички се наоѓал во СР Германија.

Сепак, наидовме и на една интересна ситуација кога вешто лице одговарало на прашања што една од странките му ги поставил претходно преку електронска пошта. Во однос на оваа пригода, истакнуваме дека овој начин на поставување прашања не е уреден ниту предвиден во ЗКП и на некој начин се отстапува од начелото на непосредност во текот на главната расправа, но на начин до сега непознат. Во таа насока, и покрај интересот на судот за ефикасност и ефективност, сметаме дека ваквите појави би требало да се ограничат, поради едноставна причина што не се предвидени како можности во ЗКП, па сходно на тоа може да резултираат и со определени приговори во понатамошниот тек на постапката, без оглед на фактот што во конкретниот случај, од познатите информации, не станува збор за какво било реагирање од било која од странките во поглед на ваквото испитување на вештото лице.

Сметаме дека е повторно потребно да се обрне внимание на редоследот на изведувањето на доказите, во смисла дека прво доказите се изведуваат од обвинението, па потоа од одбраната, без оглед на фактот што еден ист сведок е повикан и од двете странки да даде исказ. Имено, сметаме дека во овие случаи судот не треба да дозволи една по друга и двете странки да го испитаат сведокот директно, врз основа на фактот дека е предложен како сведок од двете странки, бидејќи преку ваквата практика се нарушува теоријата на случајот на странките. Токму затоа, можеби се доаѓа и до неповолната ситуација кога во овие ситуации откако една од странките го испитала сведокот, другата странка да се откаже од правото да ги испита сведокот како свој, а со самото тоа и се генерира потребата судот да се впушти во дополнително испитување на истиот сведок, како појаснување на неговиот исказ. Сметаме дека во ваквите случаи судот да не го применува премногу строго начелото на ефикасност и да има трпение и повторно да го повика и сослуша истиот сведок во моментот кога според теоријата на случајот на другата странка ќе дојде ред на тој сведок. На тој начин, сметаме дека судот би можел поцелосно да се убеди во теоријата на случајот на страните, односно да може подобро да одлучи дали јавниот обвинител успеал да го убеди судот надвор од разумното сомневање дека теоријата на случајот на обвинителството е вистинита и непротивречна.

За поздравување е постапувањето на судот кога одбил да изведе поголем број на докази кои што во голема мерка докажуваат иста работа, а само водат кон непотребно оптоварување и одолговлекување на кривичната постапка. Во оваа насока, сметаме дека странките треба да се воздржат од примената на вакви стратегии на докажување на теоријата на случајот кои единствено водат кон забавување или неефикасно постапување на судот.

Интересна за коментар е и ситуацијата кога странките на крајот од доказната постапка бараат дополнување на доказната постапка со некои нови докази, што во конкретниот случај била правилно протолкувана од страна на судот дека служи единствено во насока на одолговлекување на постапката.

Конечно, за поздравување е правилната примена на одредбите од ЗКП, во случај кога сведоците сведочат поинаку од претходно дадениот исказ во текот на истрагата, па странките бараат од судот истите да бидат третирани како „непријателски“ сведоци и во насока на докажување на вистинитоста на нивните искази да ги предочуваат законски прибраните искази од овие сведоци во текот на поранешните фази од кривичната постапка.

Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата Сите за правично судење и истата не ги одразува ставовите на Европската унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Постапките се следени во месец **април 2020 година** кои се водат пред Основниот кривичен суд во Скопје.

## ПРЕДМЕТИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### КОК-2/20 – под кодно име „Организатори 27ми Април“

На ден 15.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Рочиштето е одложено по барање на одбраната а поради користење на мерки од Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот.

На ден 28.04.2020 година, рочиштето за главна расправа повторно се одложи од истите причини.

### КОК-116/19 – под кодно име „Рекет“

На ден 03.04.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на тројца сведоци, предложени од страна на одбраната на второ-обвинета во постапката. Во текот на рочиштето, се спроведе директно испитување на сведоците од страна на одбраната, по што судот и даде прилика на јавната обвинителка да продолжи со нивно вкрстено испитување, но оваа можност не беше искористена од нејзина стана. Во текот на испитувањето, застапникот на обвинението приговараше за начинот на кој се поставуваат прашањата од страна на одбраната, при што судот сите приговори ги нотираше на записник. Јавноста беше исклучена од рочиштето, за што судот не донесе посебно решение, но претседателот на судечки совет наведе дека се исклучува јавноста од судењето, а како причина за исклучување е чување на деловна тајна. На рочиштето беше дозволено присуство на претставник од Коалиција во својство на стручна јавност. На самиот крај од рочиштето за главна расправа, претседателот на судечки совет се осврна на жалбата изјавена од страна на првообвинетиот по однос на мерката притвор  на начин што прочита дел од решението и наведе дека истата се одбива како неоснована со образложение дека во оваа фаза на постапката, други мерки за обезбедување на присуство не би биле ефикасен механизам.

На 09.04.2020 година, на закажаното рочиште за главна расправа не се продолжи во фаза на дополнение на доказна постапка (како што било претходно предвидено), а заради тоа што во текот на рочиштето беа поднесени повеќе предлози и приговори во врска со доказните материјали кои јавниот обвинител претходно наведе дека ќе ги изведува. Поради ова, судечкиот совет донесе неколку процесни решенија со кои се направени промени во врска со изведување на дополнителните докази на обвинителството. Текот на рочиштето се снима аудио-видео, а паралелно со тоа се води и записник од страна на записничар преку директно внесување. Дополнително, во текот на рочиштето, одбраната се пожали по однос на тоа што првообвинетиот во време на КОВИД-19, се наоѓа во притвор, па како резултат на тоа, има на располагање само 15 минути време да поразговара со неговиот бранител по однос на неговиот исказ и одбрана.

На 10.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причината за одлагање е поради вршење на прегледи и тестирања на притворените лица за КОВИД-19. Од судот бевме информирани дека првообвинетиот нема да биде спроведен од притвор, со цел да се намали ризикот од ширење на КОВИД-19.

На 24.04.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на дополнение на доказна постапка. Притоа беа изведени материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител и испитано едно вешто лице од областа на дигитална форензика. Испитувањето на вештото лице се спроведе на начин што на прашање на судот, истиот се произнесе по однос на изготвениот вешт наод и мислење. Дополнително, се спроведе и вкрстено испитување на вештото лице од страна на одбраната. Во текот на испитувањето, јавниот обвинител во повеќе наврати приговараше по однос на начинот на кој се поставуваат прашањата од страна на одбраната, а сите приговори беа нотирани на записник. И во текот на ова рочиште, бранителот на првообвинетиот реагираше и се пожали дека нема доволно време за подготовка на одбрана поради фактот дека обвинетиот се уште се наоѓа во притвор. На ова, претседателот на судечки совет наведе дека по извршен телефонски разговор со надлежни лица во затворот, ќе им бидат обезбедени простории и време за подготовка. Во насока на тоа, првообвинетиот предложи гаранција во замена на мерка притвор, но неговиот предлог беше отфрлен.

## Коментар:

Анализираните предмети во овој месец поминаа низ фокусот на одложувањето на рочиштата поради новонастаната состојба со светската пандемија со КОВИД-19. Токму поради овие причини и сосема разбирлив е ставот на судот на одлагање на најголемиот број на рочишта.

Од одржаните рочишта интерес за коментар кај нас побуди практиката на судот во текот на доказната постапка да се дозволуваат дополнителни докази, како и третманот на судот на поднесените приговори од страна на странките во текот на главната расправа при директното и вкрстеното испитување на сведоците.

Имено, во однос на поднесените приговори од странките во однос на неправилното конципирање на прашањата од страна на спротивната странка, сметаме дека не е доволно судот само истите приговори да ги нотира на записник, туку е исто така потребно, што е можеби и позначајно, да побара од странката да го преформулира прашањето и така преформулирано да му го постави на сведокот. Во спротивно, единствено преку едноставно нотирање на приговорите на записник, а при тоа и не носење на одлука по однос на истите, во смисла дали се дозволува или не приговорот и која е последицата од приговорот, ризикуваме странките да приговараат кон содржината на поставените прашања, но истиот приговорот да не произведе какво било дејствие во однос на текот на земањето на исказот на сведокот. На овој начин, во голема мерка се доведува во прашање целисходноста и смислата на процесните одредби што се однесуваат на правилата на поставувањето ан прашањата при директното и вкрстеното испитување на сведоците во текот на главната расправа.

Во однос на вториот момент што го напоменавме погоре, односно во однос на можноста за дополнување на доказната постапка, повторуваме дека оваа процесна можност на странките би требало да се користи само во исклучителни ситуации, односно, само доколку настапиле нови околности во текот на главната расправа, а во смисла на рестриктивно толкување на одредбата од членот 394 од ЗКП. Во спротивно сметаме дека доколку судот некритички дозволува дополнување на доказната постапка, во голема мерка може да се наруши теоријата на случајот на странките, како и да се наруши логичниот тек на изведувањето на доказите во текот на главната расправа, а во определени случаи странките може и намерно да калкулираат во поглед на изведувањето на доказите преку одолговлекување на доказната постапка. Конечно, идејата за ваквиот коментар е базиран врз основа на новата концепциска поставеност на судот според ЗКП како пасивен арбитар во текот на главната расправа, како и врз основа на степенот на убедување на судот во однос на теоријата на случајот на обвинителството, каде судот не треба да ја утврди материјалната вистина, туку треба да е убеден надвор од разумно сомневање во вистинитоста на теоријата на случајот на обвинителот.

Конечно, во однос на забележаната практика во однос на исклучувањето на јавноста од главната расправа потсетуваме дека судот треба доследно да ги применува одредбите од членот 356 од ЗКП и при донесувањето на одлуката за исклучување на јавноста од главната расправа, тоа да го направи со образложено решение што е јавно објавено.

Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската унија.

Достапно единствено како електронско издание

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Постапките се следени во месец **мај 2020** година кои се водат пред Основниот кривичен суд Скопје. Во овој месец од 18 насрочени рочишта пред Основниот кривичен суд Скопје, 16 рочишта биле одржани, а 2 рочишта биле одложени.

## ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

Во месец мај немаше насрочени предмети на Специјалното јавно обвинителство.

## ПРЕДМЕТИ НА ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### КОК-2/20 под кодно име „Организатори на 27ми април“

На рочиштата на 11.05, 13.05 и 15.05.2020 година главната расправа продолжи со изведување на докази предложени од страна на јавниот обвинител. На секое рочиште беа испитани по двајца сведоци, директно од јавниот обвинител и вкрстено од одбраната и обвинетите. Судот дозволи во вкрстеното испитување да се поставуваат и директни прашања со образложение дека станува збор за обвинет во постапката кој поставува прашања. Обвинетите се товарат за кривичното дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок“ по чл. 313 од Кривичниот законик.

### КОК-30/20 под кодно име „Шпански скали“

На 18.05.2020 година започна главната расправа со давање на воведни говори од страна на странките во постапката. Одбраната на рочиштето реагираше дека не им биле доставени докази кои биле побарани од други органи. Во овој предмет обвинети се 11 лица за „Злоупотреба на службена положба и овластување“ по чл.353 од Кривичниот законик. Според обвинението, обвинетите лица причиниле штета на буџетот во износ од 163.513.868 денари.

### КОК-39/20

На 12.05.2020 година главната расправа продолжи со дополнение на доказната постапка. Јавниот обвинител во дополнение на доказна постапка предложи да бидат изведени материјални докази како и да бидат испитани тројца сведоци – полициски службеници кои поради технички пропуст не биле наведени во листата на докази поднесена со обвинителниот акт, а биле дел од самото обвинение на кое се заснова истото. Одбраната се согласи со предлогот на јавниот обвинител и даде предлог да биде повикано уште едно лице како сведок. Судот донесе решение со кое беа прифатени сите предложени докази.

Материјалните докази беа изведувани со читање на насловот на доказот од страна на судијата. Во предметот обвинети се 4 лица за кривичното дело „Криумчарење мигранти“ по чл.418-б од Кривичниот законик.

На рочиштето на 29.05.2020 година беа испитани тројца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител и 1 сведок предложен од страна на одбраната. Сведоците беа испитани директно од страна на странката што ги предложила и вкрстено од спротивната странка. Согласно чл. 383 ст.5 судот поставуваше прашања за појаснување на дадените одговори. Странките не истакнаа приговори на меѓусебните прашања, а судот без истакнат приговор реагираше на прашањата на бранителот.

## КОК-42/20

На 07.05.2020 година рочиштето беше повторно одложено поради отсуство на јавниот обвинител кој поради итни обврски се наоѓал надвор од државата. Судот откако бил известен од страна на обвинителот ја отповикал наредбата за спроведување на обвинетите од притвор и куќен притвор.

На 14.05.2020 година рочиштето беше одложено поради тоа што еден од обвинетите во постапката не беше спроведен во судот од куќен притвор. Судот немаше добиено никакво известување за тоа дали истиот ќе биде спроведен или не. Обвинетите се товарат за кривичното дело „Криумчарење мигранти“ по чл.418-б ст.1 и 3 од Кривичниот законик.

## КОК-53/19

На 13.05.2020 година постапката продолжи во фаза на изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител, а се прибавени со посебни истражни мерки.

На 18.05.2020 година постапката продолжи со изведување на материјални докази предложени од јавниот обвинител, а потоа беа испитани обвинетите на предлог на одбраната. Обвинетите беа директно испитувани од страна на нивните бранители, а потоа вкрстено од страна на јавниот обвинител. На предлог на јавниот обвинител беше прочитан исказот на обвинетиот даден во претходна постапка бидејќи на расправата дал поинаков исказ.

На 21.05.2020 година странките ги изнесоа своите завршни зборови, по што по советување и гласање судот донесе осудителна пресуда со која ги огласи обвинетите за винови за кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ по чл.215 од Кривичниот законик и им одреди казна ефективен затвор во траење од 7 години како и одземање на предметите со кои е извршено кривичното дело.

## КОК-101/19

Главната расправа на рочиштето на 19.05.2020 година започна одново поради протек од 90 дена. Постапката започна одново само формално, а истата продолжи со изведување на докази. На рочиштето беше испитан еден сведок предложен со листата на докази на обвинителството. Материјалните докази кои што претходно биле изведени, со согласност на странките судот наведе на записник само дека се читаат. На почетокот на рочиштето еден од обвинетите во постапката истакна

дека неговите бранители не се присутни, судот наведе дека нема да се толерираат вакви несериозни однесувања од страна на бранителите, па на обвинетиот му назначи бранител по службена должност.

## КОК-81/19

На рочиштето на 27.05.2020 година главната расправа продолжи со давање на завршни зборови од страна на странките во постапката. Имено дел од обвинетите во овој предмет се веќе осудени, а оваа постапка е раздвоена за еден обвинет. Обвинетиот се товари дека го сторил кривичното дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори“ по чл. 215 ст.3 вв ст.2 од Кривичниот законик. Јавниот обвинител во својот завршен збор наведе дека останува на обвинението и дека од сите изведени вербални и материјални докази несомнено се утврдила вината на обвинетиот, односно дека лицата пренесувале дрога – хероин од Р. Северна Македонија заради неовластена продажба во Виена. Бранителот наведе дека од сите предложени и изведени докази од страна на обвинителството не била докажана вината на обвинетиот дека го сторил кривичното дело, дотолку повеќе што од снимените разговори прибавени со посебни истражни мерки (ПИМ) не може се утврдат идентитетите на гласовите кои се слушаат на снимките, ниту пак да се утврди точниот датум кога биле снимени од причина што не било изготвено соодветно вештачење од страна на вешти лица.

## КОК-116/19 под кодно име „Рекет“

На 05.05.2020 година во дополнение на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од обвинетите во постапката. Доказите од предистражна и истражна постапка од предметот „Империја“ беа одбиени бидејќи според судот доколку се изведат тие докази истите ќе нанесат повеќе штета отколку добро.

На 07.05.2020 година на предлогот на одбраната беше испитан првообвинетиот, по директното испитување од страна на бранителот, обвинетиот беше и вкрстено испитуван од страна на јавниот обвинител.

На 08.05.2020 година на предлогот на одбраната беше испитана второ-обвинетата во постапката. За еден дел од исказот одбраната побара јавноста да биде исклучена бидејќи ќе се изнесуваат факти и податоци од предмети кои што се во предистрага. Судот донесе решение и ја исклучи јавноста, а беше дозволено присуство на стручна јавност. На крајот на рочиштето првообвинетиот имаше предлог за укинување на мерката притвор, истиот наведе дека се чувствува дискриминиран поради неговата сексуална определба бидејќи во решението за притвор стои дека истиот нема оформено потесно семејство и има пријатели во Хрватска и Италија, па оттаму постои опасноста за бегство. Судот донесе решение со кое го одби предлогот со образложение дека се уште има опасност од бегство.

На 26.05.2020 година јавниот обвинител во своите завршни зборови достави изменет обвинителен акт односно во точката 2 за првообвинетиот го прошири периодот за сторување на кривичното дело перење пари и други приноси од казниво дело наместо од ноември 2018, дека го сторил од ноември 2017 година. Во завршните зборови, јавниот обвинител даде предлог да се изрече мерка проширена конфискација за првообвинетиот за одземените предмети во текот на истрагата. Во излагањето на завршните зборови јавниот обвинител наведе дека торбата завршила во куќата на родителите на

првообвинетиот за што покажа фотографија. На ова одбраната приговараше дека судот треба да го опомене јавниот обвинител да не покажува фотографии кои не се предложени и изведени во текот на судската постапка.

## КОК-146/19

На 28.05.2020 година главната расправа започна со давање на воведни говори од страна на странките во постапката. Со оглед на тоа дека станува збор за повторување на постапката, јавниот обвинител остана на својот воведен говор што го има дадено претходно. Исто така дел од обвинетите и нивните бранители останаа на своите воведни говори што претходно ги дале, а некои само го дополнија претходниот воведен говор. Обвинетите беа поучени за своите права во постапката од страна на судот. Обвинетите се товарат за кривичното дело криумчарење мигранти по чл.418-б ст.1 од Кривичниот законик.

## СУМАРЕН КОМЕНТАР

Во однос на набљудуваниот период може да извлечеме неколку поенти.

Првата поента е веќе нотираната недоследност во изведувањето на доказите при повторниот почеток на главната расправа поради протек или неактивност на повеќе од 90 дена. Па така, сметаме дека би требало да се отстрани практиката кога во услови на повторно започнување на главната расправа од почеток поради протек на определен временски период, сите претходно изведени докази повторно да се изведуваат само со читање или воопшто да не се изведуваат. Во таа насока сметаме дека е упатно да се преиспита одредбата од ЗКП во која е предвидена можноста за изведување на доказите со читање доколку двете странки дале согласност, а сите докази да се изведуваат согласно одредбите за редовно изведување на доказите во ЗКП. Во спротивно, сметаме дека се губи смислата и поентата на започнување на главната расправа од почеток. Поинаку кажано, смислата на повторниот почетокот на главната расправа во услови на протек на повеќе од 90 дена, според ЗКП се базира врз почитувањето на начелото на непосредност при оценувањето на доказите што е првенствено потребно за судот. Токму затоа кратењето или сублимирањето на доказната постапка во услови на нејзино започнување од почеток без целосно изведување на доказите значи изигрување на ова начело, а со самото тоа види единствено кон непотребно одолговлекување на кривичната постапка. Токму затоа сметаме дека е упатно во идните измени и дополнувања на ЗКП, да се отстрани ваквата можност и тоа во насока или на исклучување на можноста за повторување на главната расправа од почеток во услови на нејзино одлагање подолго од 90 дена или преку отстранување на практиката каде во согласност со странките може да се одбегне или редуцира доказната постапка.

Втората увидена поента е дека судот во определени случаи неправилно ги применува одредбите од ЗКП при третманот на исказите на сведоците при директното и/или вкрстеното испитување. Во таа насока сметаме дека би требало доследно да се применува ЗКП при конципирањето на прашањата при вкрстеното испрашување, па така тие да бидат исклучиво базирани врз одговорите од директното испитување, а доколку е потребно определени дополнителни информации да бидат добиени од страна на сведокот, истите да не бидат поставувани како директни при вкрстеното испитување, туку истиот сведок да биде повикан и од другата странка и тој сведок да биде испитан директно.

На тој начин, преку доследна примена на одредбите од ЗКП, на спротивната странка би и се овозможило побивање на ваквите искази преку вкрстено испитување, доколку едно исто лице биде повикано како сведок на различни околности од двете странки. Во спротивно, доколку се толерира практиката при вкрстеното испитување да се поставуваат директни прашања, се оневозможува еднаквоста на оружјата на странките, па со самото тоа се фаворизира и примената на ставот 5 од членот 383, кој го уредува вклучувањето на судот во текот на директното и вкрстеното испитување. Па така, една грешка води кон друга, па во случаите кога судот ја толерирањето на погоре опишаната практика, тогаш судот, премолчено, влегува во замката да го аргументира предметот во корист на некоја од странките преку поставувањето на дополнителните прашања. Токму затоа сметаме дека во насока на задржување на објективноста и непристрасноста на судот, судот би требало да внимава на својата позиција и функција, а со самото тоа и да го ограничи или целосно исклучи своето право на вмешување во земањето на исказите на сведоците во текот на главната расправа. На тој начин, судот би бил во функција на независен арбитар во конкретниот случај, кој преку своето вмешување не би се впуштил во аргументирање на теоријата на случајот на која било од странките во кривичната постапка.

Третата поента што може да се извлече од набљудуваните рочишта е потребата од подобра координација на странките во поглед на предлагањето на доказите и можноста од нивно дополнително пријавување во текот на главната расправа. Имено, сметаме дека во насока на почитување на начелото на еднаквост на оружјата странките би требало да внимаваат при предлагањето на доказите уште од почетокот на главната расправа. Во спротивно, и покрај фактот дека во ЗКП не е предвидено начелото на преклузија на доказите, се доведуваме во ситуацијата кога странките во текот на главната расправа предлагаат нови докази кои не биле предложени поради наводни технички грешки, практично го кршат начелото на еднаквост на оружјата на странките. Токму затоа, сметаме дека судот и странките би требало особено да внимаваат на ваквите околности, дотолку повеќе кога се работи, како што е истакнато во нашиот случај, за докази врз кои што се базирало обвинението. Во спротивно се јавува сомнежот како воопшто обвинението било одобрено без овие пропуштени докази.

Интересен за коментар е и ставот на судот кога при оценката на предложените докази тој утврдил дека некои докази може да бидат повеќе на штета одошто во корист на обвинетиот, односно на странката што ги предложила. Токму од овие причини, ваквата изјава на судот да не дозволи изведување на некои предложени докази се чини помалку проблематична, а притоа својата одлука судот ја базира ја врз основа на аргументот дека преку тие докази странката што ги предлага да се изведат би се довела во полоша положба. Оваа постапка на судот е особено проблематична доколку се земе предвид неговата улога на независен арбитер којшто суди и пресудува врз основа на сите расположливи докази.

Исто така, од набљудуваните рочишта може да заклучиме дека судовите би требало да обрнат поголемо внимание во завршните зборови странките да не изведуваат нови докази или докази кои што воопшто не биле изведени во текот на доказната постапка.

Се чини оправдано повторното апострофирање на поентата дека судовите би требало да вложат поголем напор при срочувањето на судските образложенија, првенствено имајќи ги предвид решенијата за мерките за обезбедување присуство, дотолку повеќе што ваквата практика на националните судови е веќе оценета како несоодветна и од страна на Судот во Стразбур во неколку пресуди против Република Северна Македонија.

Дополнителна поента што може да се извлече од податоците за набљудуваните рочишта во овој период е потребата судовите и странките да употребат зголемено внимание при употребата на посебните истражни мерки од типот на тајно снимање или следење на комуникациите. Имено, сметаме дека во овие случаи посебните истражни мерки би требало да бидат соодветно поткрепени со дополнителни податоци во однос на начинот на снимање и временскиот периодот кога овие снимки бил прибавени. Преку оваа практика би се отстраниле приговорите на спротивните странки дека се работи за неверодостојни снимки, или за снимки од кои не може да се утврди идентитетот на лицата кои што разговараат.

Конечно, за пофалба е практиката на судот, при повторен почеток на главната расправа повторно обвинетиот да го поучи за неговите права, како и постапките на судовите кога поради несовесност на бранителите во насока на неоправдано одолговлекување на главната расправа, на обвинетите да им определуваат бранители по службена должност. Сметаме дека ваквата улога на судот може да влијае кон намалување на постапките кога бранителите го шиканираат судот и на тој начин преку отсуството од рочиштата од главната расправа да ја одолговлекуваат кривичната постапка.

Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

EU for YOU

AD

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата Сите за правично судење и истата не ги одразува ставовите на Европската унија

Достапно единствено како електронско издание

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Постапките се следени во месец јуни, 2020 година кои се водат пред Основниот кривичен суд во Скопје.

## ПРЕДМЕТИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### КОК-45/20

На ден 02.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на странките во постапката. Обвинетиот се произнесе по однос на вина и истиот беше поучен за своите права во постапката. Дополнително, судот го задолжи јавниот обвинител да прибави официјално известување од МВР, со кое ќе се потврди дека лицата кои се предложени како сведоци, и за кои е предложено да се прочитаат нивните искази дадени во претходна постапка, не се наоѓаат на територија на Северна Македонија.

На ден 23.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинетиот. Истиот не е спроведен од притвор, поради тоа што се наоѓа во самоизолација а заради тоа што истиот бил во контакт со лице заразено со КОВИД-19 вирус. Дополнително, иако јавниот обвинител не беше присутен на рочиштето, истиот на записник е нотиран како присутен од причина што бил известен по телефон од страна на судот. Ваквото „солидарно" постапување остава лош впечаток како потврда за традиционалната блискост помеѓу судиите и обвинителите.

### КОК-81/19

На ден 02.06.2020 година, судот донесе и јавно ја изрече пресудата со која што обвинетиот го огласи за виновен и го казни на ефективна казна затвор во времетраење од 4 години и 6 месеци. Претседателот на судечки совет, воопшто не се осврна на кривичното дело за кое обвинетиот се осудува на казна затвор, ниту пак истакна од што се раководел при донесување на таква одлука. Имено, претседателот на советот единствено истакна дека пресудата ќе биде изработена во најкраток можен рок и истата ќе биде доставена до странките, по што истите имаат право да изјават правен лек- жалба.

### КОК-101/19

На ден 02.06.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок, предложен од страна на одбраната. Сведокот беше испитан само директно, а негово вкрстено испитување не беше спроведено од страна на јавниот обвинител, односно таа можност не беше искористена. Во текот на испитувањето, јавниот обвинител приговараше за начинот на кој се поставуваат прашањата, а сите приговори беа нотирани на записник.

## КОК-39/20

На ден 01.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени воведни говори од страна на обвинетите како и нивните бранители. Дополнително, постапката продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на застапникот на обвинението. Во текот на изведувањето на материјални докази, одбраната истакна приговор по однос на начинот на кој се изведуваат истите, и наведе дека бараат да истите се изведуваат на друг начин, односно со презентирање на нивната содржина а не како досега само со читање на насловот од секој доказ. Судот го прифати ваквиот предлог и го задолжи јавниот обвинител на наредно рочиште да обезбеди технички уред за визуелно презентирање на сите докази кои што останале неизведени, а доколку има потреба и тоа го побара одбраната и на сите останати.

На ден 12.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причината за одлагање е непозната, но отсутни беа сите странки во постапката, а судницата во која беше предвидено да се одржи рочиштето беше заклучена.

## КОК-817/11

На ден 17.06.2020 година, на рочиштето за главен претрес, странките приговараа по однос на докази за кои одбраната бара да бидат доставени од страна на полномошникот на оштетениот. Рочиштето се одложи со цел да судот донесе одлука по однос на доставените приговори.

## КОК-2/20 – под кодно име „Организатори на 27ми април“

На ден 02.06.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок, предложен од страна на јавниот обвинител. Одбраната не ја искористи својата можност вкрстено да го испита сведокот, а во текот на неговото испитување не беа истакнати приговори по однос на начинот на кој се поставуваат прашањата.

На ден 09.06.2020 година, во фаза на доказна постапка беше испитан еден сведок, повикан од обвинителството. Сведокот беше испитан директно од јавниот обвинител како и вкрстено од страна на одбраната. Дополнително, судот го искористи своето право согласно чл. 383 ст. 5 од ЗКП, да самиот поставува прашања кон сведокот, со цел разјаснување на претходно дадени одговори. Во текот на испитувањето, беа истакнати повеќе приговори, при што сите беа нотирани на записник од страна на судот.

На ден 30.06.2020 година, во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител. Текот на постапката се снима аудио-видео, а се води и записник од страна на записничар преку директно внесување. Во текот на постапката, одбраната реагираше поради тоа што дел од материјалните докази кои ги презентираше обвинителството, а биле доставени и до нив на мемориски (т.н. УСБ) стик, не можеле да ги отворат на компјутер и поради тоа не биле запознаени со содржината на истите. Исто така реагираа и поради тоа што се изведуваат само копии наместо оригинали од доказите, од причина што истите се наоѓаат во списите од друг предмет КОК-40/18, а согласно одредбите во ЗКП, доказите треба да бидат во оригинал. Судот го одби ваквиот приговор со образложение дека истиот претходно направил увид во оригиналите.

## КОК-116/19 – под кодно име „Рекет“

На ден 01.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа завршни зборови беа дадени од страна на првообвинетиот и неговиот бранител. Текот на постапката се снима аудио-видео, а за води и записник преку директно внесување од страна на записничар.

На ден 02.06.2020 година, на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на второ-обвинетата и нејзините бранители.

На ден 18.06.2020 година, судот донесе и јавно ја објави пресудата при што обвинетите ги огласи за виновни и им изрече ефективна казна затвор, при што за првообвинетиот во времетраење од 9 години а за второ-обвинетата во времетраење од 7 години. Дополнително, беше изречена и мерка конфискација на имот и за двете лица, а по барање на јавниот обвинител судот донесе решение со кое што на првообвинетиот му ја продолжи мерката притвор, а на второ-обвинетата мерката куќен притвор.

# ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

## К-1413/19 – под кодно име „Талир 2“

На ден 16.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно отсуство на судија поротник. Текот на расправата се снима (аудио-видео) а паралелно со тоа се води и записник од страна на записничар преку директно внесување.

## КОК-3/19 – под кодно име „Талир“

На ден 10.06.2020 година рочиштето за главна расправа се одложи. Причина за одлагање е отсуство на дел од бранители на обвинетите, при што еден дел од нив биле неуредно повикани а друг дел од претходно го известиле судот дека заради присуство на седница пред Апелационен суд, ќе бидат спречени да присуствуваат на закажаното рочиште за главна расправа. Претседателот на судечкиот совет истакна дека, со оглед на тоа дека не се исполнети законски претпоставки за одржување на рочиштето, истиот не издал наредба за спровод на еден од обвинетите.

На ден 26.06.2020 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на тројца сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението. Причината за нивното отсуство е заради неуредна достава на покана. Текот на расправата се снима аудио-видео, а паралелно со тоа се води и записник од страна на записничар преку директно внесување.

## КОК-7/18 – под кодно име „Титаник“

На ден 03.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причина за одлагање е отсуство на еден од обвинетите во постапката. Текот на постапката се снима аудио-видео, а паралелно се води и записник од страна на записничар со директно внесување.

На ден 18.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причина за одлагање е отсуство на еден од бранителите, кој до судот има доставено писмен поднесок со кој го известува дека е

спречен да присуствува на закажаното рочиште за главна расправа, а поради тоа што користи мерки на Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот. Во текот на рочиштето, претседателот на судечки совет ги опомена странките во постапката на записник и наведе дека повеќе нема да толерира и да одлага рочишта заради отсуство на бранител, како и дека доколку во иднина самите обвинети не ангажираат свои заменици бранители, судот ќе им определи бранители по службена должност.

На ден 29.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите кој што се наоѓа во самоизолација а поради тоа што претходно бил во контакт со лице заразено од КОВИД-19 вирусот.

## КОК-30/20 – под кодно име „Шпански скали"

На ден 08.06.2020 година,рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител. Материјалните докази се изведуваа на начин што со помош на уред за визуелно прикажување, накратко се изнесуваше нивната содржина. Текот на постапката се снима аудио-видео, а паралелно се води и записник од страна на записничар.

## КОК-57/17 – под кодно име „Топлик"

На ден 17.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи со цел да одлучи по однос на доставени писмени поднесоци од страна на одбрната а во врска со барања за обезбедување на докази, кои се уште не се доставени од страна на обвинителството, иако и претходно со писмен поднесок доставен до јавното обивнителство истите се побарани.

## КОК-64/17 – под кодно име „Тендери"

На ден 22.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причина за одлагање е промена на начинот на кој што ќе се изведуваат доказите, предложени од страна на јавниот обвинител. Текот на расправата се снима аудио-видео, а паралелно се води и записник од страна на записничар преку директно внесување.

## К-1959/17 – под кодно име „Тортура"

На ден 17.06.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причина за одлагањето е отсуство на бранител кој ги користи мерките на Владата за заштита од КОВИД-19 вирусот. Обвинетите чии што бранител беше отсустен на прашање на судот дали се согласуваат да се продолжи со рочиштето и да им се обезбеди соодветна замена, истите станаа и изјавија дека не сакаат, односно дека сакаат да нивниот бранител биде присутен.

## СУМАРЕН КОМЕНТАР

Во текот на мониторираниот период може да заклучиме дека набљудуваните рочишта поминале во знакот на одлагањето. Притоа, должни сме да истакнеме дека поголем дел од рочиштата се одложени и поради пандемијата со вирусот COVID-19, што се поставува како реална пречка во ефикасното водење на судските рочишта особено во случаите кога се обвинети повеќе лица, или има обемна доказна постапка. Токму поради овие причини евидентни се и напорите на странките за промена на редоследот на изведување на доказите, а со тоа можеби и на промена на теоријата на случајот, а се со цел одржување и спроведување на рочиштата.

Интересен податок е фактот што судот во еден случај, во услови на одлагање поради неприсуство на обвинетиот кој бил во самоизолација, на записник одлучил, на некој начин да го заштити овластениот тужител, кој исто така не бил присутен на рочиштето, а го водел како присутен. Ваквата постапка на судот се базирала на фактот дека за одлагањето на рочиштето самиот суд го известил јавниот обвинител пред започнување на истото, а на записник било нотирано дека јавниот обвинител бил присутен, иако de facto бил отсутен. Оваа практика се чини како да е навистина бенигна и безопасна, но во суштина на некој начин се оддава впечатокот на фаворизирање на странките, а со тоа и на непотребно нарушување на перцепцијата за судот како непристрасен орган, кој има подеднаков третман кон двете странки во кривичната постапка. И покрај фактот дека во услови на пандемија взаемната колегијалност помеѓу судот од една страна и јавните обвинители и бранителите од друга страна е за поздравување, сметаме дека ваквата постапка на судот би требало да се ограничи, или барем соодветно да се образложи во записникот, преку нотирање дека јавниот обвинител бил отсутен, но оправдано поради фактот дека судот претходно го известиле дека не постојат услови за одржување на главната расправа. На овој начин и би се зголемила перцепцијата за судот како независен арбитар во кривично-правниот спор, кој има подеднаков третман на двете странки во постапката.

Во однос на одржаните рочишта повторно е забележана практиката судот да поставува прашања за разјаснување во смисла на членот 383 ст. 5 од ЗКП, што понатаму преминува во целосно ново испитување ан сведокот. Сметаме дека оваа практика на судот е нужно да се искорени, особено имајќи го предвид случајот кога на набљудуваното рочиште по директното испитување на сведокот, странката се впуштила кон вкрстено испитување на сведокот, па потоа судот продолжи да ги испитува овој сведок. Сметаме дека во овој случај кога постојат повеќе сообвинети и поголем број на докази, непримерно е судот да се вмешува во испитувањето на сведоците, а посебно во случаите кога странките ги искористиле своите права да постават и директни и вкрстени прашања. Во таа насока, сметаме дека судот би требало ова негово право да употреби само во случаи на определени нејаснотии на исказот на сведокот, а не и да се јавува како застапник на странките во услови на неефикасна одбрана или неефикасен прогон. Дотолку повеќе, што согласно одредбите на ЗКП, странките имаат право и повторно да го испрашаат истиот сведок со цел да дообјасни определи аспекти што произлегле од прашањата во директното, а особено во вкрстеното испитувани. Во спротивно, судот во би можел и да го примени и начелото *in dubio pro reo*, со што и практично би ја санкционирал неподготвеноста на странките да ги изведат доказите.

Интерен момент е забележан во однос на приговорите на начинот на изведување на материјалните докази од страна на овластениот тужител, кој и покрај фактот дека при поднесен приговор на бранителот, судот го прифатил приговорот и го задолжил јавниот обвинител да го применува ЗКП при изведувањето на овие докази, сепак продолжил со изведувањето на доказите, а го задолжил јавниот

обвинител од следното рочиште да се придржува до начинот уреден во ЗКП. Сметаме дека во овој случај судот би требало да го одложи рочиштето и на следното рочиште материјалните докази да бидат изведени согласно ЗКП.

Во поглед на приговорите на странките во однос на автентичноста на доказите, сметаме дека во набљудуваниот случај судот постапил правилно, посебно имајќи го предвид фактот дека истите докази се присутни, но во друг предмет, а во конкретниот предмет се содржани фотокопии од истите докази. Дотолку повеќе оригиналните докази им биле доставени на увид на странките, па сходно на ова приговорите на странките во однос на автентичноста на доказите во конкретниот случај би можела да се толкува единствено во насока на одолговлекување на кривичната постапка.

За пофалба е и фактот дека не се забележани некои отстапки во поглед на нотирањето на исказите на сведоците во записник, како и улогата на судот во поглед на третманот на приговорите поднесени од странките.

Мониторинг и подобрувањенакапацитетотнаинституциитевосправувањесоорганизиранкриминал и корупција
Monitorimidhepërmirësimiikapacitetevetëinstitucionevenëballafaqim me krimin e organizuardhekorrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција



КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
KOALICIONI TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
KOALICIJA SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Во извештајниот период што се однесува на месец јули 2020 година беа мониторирани 21 рочиште за кривични постапки од областа на организираниот криминал и корупцијата, од кои 7 рочишта беа одложени, а 14 одржани. Исто така, едно рочиште за главен претрес беше одложено по претходно известување од судот до јавноста поради здравствени причини на страна на една од странките во постапката.

### К-1904/16–„Насилство во Општина Центар“

Предметот се води за кривично дело „Насилство“ од член 386 став 2 в.в. со став 1 в.в. со член 23 од КЗ.

На 09.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител, од здравствени причини.

### К-1959/17–„Тортура“

Предметот се води за кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од член 142 став 1 од КЗ.

На 08.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет во предметот, којшто со решение на ДЗСИ се наоѓа во изолација до 11.07.2020 година. Овластениот јавен обвинител предложи раздвојување на кривичната постапка за овој обвинет согласно член 29 од ЗКП, при што судечкиот совет ги извести странките во постапката дека ќе донесе одлука откако ќе им бидат доставени резултатите од тестирањето на обвинетиот за КОВИД-19 вирусот.

На 16.07.2020 година беа исполнети законските претпоставки за одржување на главна расправа и беа испитани четворица сведоци на предлог на обвинителството. Со оглед на фактот дека главната расправа по предметот е почната одново поради постоење на причините предвидени во член 371 став 3 од ЗКП – одлагање подолго од 90 дена, јавниот обвинител заради економичност на постапката предложи повиканите сведоци да не се сослушуваат одново туку вербалните докази да бидат изведени со читање на нивните искази внесени во записниците од претходните рочишта. Со тоа се отстапи од правилото за непосредно изведување на доказите во смисла на член 388 од ЗКП. Претседателот на судечкиот совет го прифати дадениот предлог и ги прочита исказите. Видно од записниците од претходно дадените искази, еден од сведоците бил прогласен за непријателски сведок, а бидејќи исказите беа репродуцирани, сведокот доби такво својство и во одново почнатата главна расправа. По прочитаните искази, судот ги праша странките дали имаат нешто да дополнат во смисла на испитување на сведокот, по што претседателот на судечкиот совет го искористи правото од член 383 став 5 од ЗКП да поставува прашања, но испитувањето се сведе на повторно испитување од страна на судијата откако заврши испитувањето на странките и утврдување на материјална вистина од страна на судечкиот совет. Со оглед на тоа дека беа утврдени нови факти и околности кои не беа опфатени во испитувањето на странките, по испитувањето од страна на судот следуваа прашања и од страна на странките кои судот ги дозволи како вкрстено испитување, иако прашањата не произлегуваа од одговорите во директното испитување, туку од одговорите на сведокот дадени при испитувањето од страна на судот. Обвинителството имаше приговор на прашање поставено од страна на претседателот на судечкиот совет.

## К-1413/19 –„Талир 2“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 в.в. став 3 и став 1 од КЗ.

На 10.07.2020 година, рочиштето од главна расправа се одржа и продолжи во фаза на доказна постапка, при што беа изведени материјални докази на обвинителството. Материјалните докази се изведуваа со презентирање на нивната содржина од странката која што го предложила доказот преку видео проектор. Рочиштето се прекина на барање на еден од бранителите којшто мораше да присуствува на друго судење закажано подоцна во текот на работниот ден, а судот таквото барање го прифати.

На 14.07.2020 година беа изведени останатите материјални докази предложени од страна на обвинителството.

## КОК-47/17 – „Таргет/Тврдина“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ; „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 1 од КЗ; „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 в.в. став 1 од КЗ.

Пред отпочнување на расправата на 03.07.2020 година, еден од бранителите на обвинетите побара збор и истакна дека со оглед на стапувањето во сила и примената на новиот ЗЈО престана да важи стариот, па одбраната смета дека јавните обвинители кои се назначени немаат право да го застапуваат предметното обвинение. Имено, нивната теза е дека овластувањата кои им се дадени на обвинителите од страна на Јавниот обвинител на Р. Северна Македонија по сила на закон престануваат, односно повеќе немаат правна основа, од причина што согласно новиот ЗЈО надлежен да го застапува предметното обвинение е Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Според бранителот јавните обвинители кои го водат овој предмет не се обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција со што се става под прашање легалноста и легитимноста. Поради тоа, бранителот побара прекин на постапката се додека не бидат определени и овластени обвинители согласно новиот ЗЈО. Судот го одби барањето и истакна дека дадените овластувања од страна на Јавниот обвинител на Р. Северна Македонија се во сила и се издадени согласно предвидената системска хиерархија, па јавните обвинители се овластени да го застапуваат предметното обвинение.

Откако Судот донесе одлука да се одржи главната расправа и истата да продолжи во фаза на доказна постапка, беа испитани четворица сведоци на обвинителството, при што беше исклучена јавноста поради заштита на државна, односно службена тајна, а согласно член 355 став 2 од ЗКП беше дозволено да присуствуваат набљудувачите на Коалицијата „Сите за правично судење“. Судот согласно член 385 став 7 од ЗКП се грижеше за дозволеноста на прашањата и праведното испитување и без истакнат приговор од спротивната страна, и тоа во однос на прашањата на обвинителството, а се впушти и во коментирање на прашањата. Воедно, судот го искористи правото по член 383 став 5 од ЗКП и самиот да поставува прашања на сведоците, но прашањата прераснаа во практично посебно испитување. Имено, судот во текот на целото испитување на сведоците од странките во постапката, по

дадениот одговор пристапуваше кон поставување на дополнителни прашања со цел појаснување на дадените одговори. Дотолку повеќе што по завршување на директното испитување на вториот сведок, судот пред да праша дали одбраната вкрстено ќе го испитува сведокот, веднаш почна со поставување дополнителни прашања, па дури потоа ѝ даде право на одбраната вкрстено да го испита сведокот.

При одредувањето на идните термини за судење, судот не ги прифати барањата на бранителите да не се закажуваат рочишта во периодот од 20 до 30 август, од причина што судската ферија завршува на 15 август и судот почнува со тековна работа, а бранителите се должни да ги приспособат нивните распореди со работата на судот и своите годишни одмори да ги предвидат и искористат во тој временски период.

На главната расправа од 10.07.2020 година беа испитани уште 4 сведоци на обвинителството, истите беа директно испитани од страна на обвинителството, а потоа и вкрстено од страна на одбраната. Судот своето право да поставува прашања го искористи само за појаснување на дадените одговори.

## КОК-53/17 – „ТНТ“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. со став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 од КЗ.

На 10.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на овластениот јавен обвинител поради користење на годишен одмор за што беше доставено известување

## КОК-57/17 – „Топлик“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На 13.07.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на овластениот јавен обвинител, којшто со писмен поднесок го известил судот дека користи годишен одмор. Во контекст на причината за одлагање, судот пред отпочнување на закажаното рочиште телефонски ја отповикал наредбата до ПС Карпош за доведување на обвинетиот кој што е во куќен притвор, а заради почитување на начелото на економичност на постапката.

## КОК-60/17 – „Трезор“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 и став 1 в.в. со член 24 од КЗ.

На 14.07.2020 година, рочиштето од главна расправа се одложи поради отсуство на сведок предложен од страна на обвинителството за којшто нема повратница за уредна достава, а за рочиштето не беа повикани други сведоци. Судот ќе направи уште еден обид за достава на покана на адресата на живеалиштето, престојувалиштето, како и на работното место.

## КОК-64/17 – „Тендери“

Предметот се води за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На главната расправа од 06.07.2020 година во доказна постапка беа изведени материјални докази на обвинителството, но имајќи предвид дека главната расправа по предметот е почната одново, по претходна согласност на одбраната, дел од материјалните докази се изведуваа со презентирање на нивната содржина, а останатите со читање на насловите на доказите.

## КОК-66/17 – „Монструм“

Предметот се води за кривичното дело „Тероризам“ од член 394-б став 1 в.в. со член 22 од КЗ, постапката се води по стариот Закон за кривична постапка.

На главниот претрес од 01.07.2020 година согласно одредбите на „стариот“ ЗКП беа сослушани 2 сведоци на обвинителството и оштетените, додека пак на рочиштето од главен претрес закажано за 03.07.2020 година беше предвидено да бидат сослушани 3 сведоци на обвинителството, но беше присутен само еден сведок, а останатите 2 сведоци беа оправдано отсутни. Рочиштето за главен претрес насрочено за 07.07.2020 година се одложи поради најавено отсуство на јавниот обвинител од здравствени причини, за што Судот претходно ја информираше јавноста со соопштение.

## КОК-7/18 –„Титаник“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од член 165-а став 1 в.в. член 45 од КЗ; „Повреда на избирачкото право“ од член 159 став 2 в.в. со став 1 в.в. со член 45 од КЗ; „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од член 160 став 2 в.в. со член 23 и член 45 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 и член 23 од КЗ; „Фалсификување исправа“ од член 378 став 2 в.в. член 45 од КЗ; „Поткуп при избори и гласање“ од член 162 став 1 и в.в. со член 45 од КЗ; „Уништување на изборен материјал“ од член 164 став 2 од КЗ.

На главната расправа на 08.07.2020 година во доказна постапка беа испитани двајца сведоци предложени од обвинителството. Директното испитување од страна на јавниот обвинител беше спроведено со водење на сведоците низ исказот со прашања, а беа користени и искази дадени во претходната постапка поради нивна меѓусебна неконзистентност. Одбраната пак, вкрстено ги испита сведоците, при што обвинителството приговараше на начинот на којшто беа поставени прашањата, а судот согласно член 385 став 7 од ЗКП се грижеше за дозволеноста на прашањата по истакнат приговор.

## КОК-146/19

Правната квалификација на овој предмет не е утврдена бидејќи рочиштата за главна расправа мониторирани на 09.07.2020 година и 20.07.2020 година беа одложени, поради неисполнување на законските претпоставки за одржување на главна расправа, и тоа отсуство на јавниот обвинител на рочиштето насрочено за 09.07.2020 година предизвикано од потреба за изолација во контекст на КОВИД 19 пандемијата, односно итна хоспитализација на еден од обвинетите во однос на рочиштето насрочено за 20.07.2020 година, којшто факт Судот ја извести јавноста дека дополнително ќе го провери.

## КОК-2/20 – „Организатори на 27ми април“

Предметот се води за кривичното дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ од член 313 од КЗ.

На главната расправа на 10.07.2020 година беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството на начин што беа презентирани на видео проектор. Одбраната и обвинетите во повеќе наврати реагираа дека дел од презентираните докази не им се доставени во соодветна форма односно се електронски нечитливи, а воедно имаа забелешки и во однос на нивната форма и содржина од аспект на нивно повторување, релевантност и вистинитост.

Еден од обвинетите на којшто му е определен куќен притвор како мерка за обезбедување на присуство во постапката побара да му биде издадена дозвола за движење за да може да го оствари своето право на глас на претстојните парламентарни избори, за што судот го задолжи бранителот на обвинетиот да поднесе молба/барање за истото да се процесира и одобри.

Судот побара одбраната да ја уреди листата на докази односно да достави единствена листа на докази и посочи дека предложените 260 до 300 сведоци се непотребно голема бројка поради тоа што повеќето ќе сведочат на исти околности и во насока на економичност на постапката треба самите да направат разумна селекција на истите. Еден од обвинетите побара прво да бидат изведени материјалните па вербалните докази на одбраната за истите да можат да се предочат на сведоците во постапката.

## КОК-30/20 – „Шпански скали“

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 од КЗ и „Несовесно работење во службата“ од член 353-в од КЗ.

На главната расправа на 07.07.2020 година беа изведени материјални докази од листата на докази предложена од страна на обвинителството. Одбраната истакна приговор за начинот на изведување на материјалните докази и побара јавниот обвинител при изведување на доказот не само да го чита насловот на доказот, туку и да наведе аргументи за релевантноста за секој доказ поединечно во смисла што докажува и во кој дел го поткрепува предметното обвинение. Судот донесе решение со кое го одби приговорот на одбраната во однос на начинот на изведување на материјалните докази со образложение дека веќе е воспоставена пракса за изведување на материјални докази со помош на

визуелно-технички средства, а воедно и расправата не е во фаза во која се врши оценување на доказите.

Еден од обвинетите истакна дека не добил известување за завршување на истрагата и му било ускратено правото да изврши увид во списите на предметот, на што јавниот обвинител истакна дека наводите на обвинетиот се неточни и дека истиот има извршено увид во списите со претходниот бранител и тоа во два наврати.

## КОК-49/20– „Меѓународен сојуз“

Предметот се води за кривичните дела „Измама“ од член 247 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 од КЗ и „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 396 од КЗ.

На 01.07.2020 година судот донесе решение за отпочнување на главна расправа по предметот, но одбраната истакна барање за изземање на јавниот обвинител согласно член 38 од ЗКП, по што судот одлучи да ја прекине главната расправа до донесување на одлука од страна на Јавното обвинителство на Р. Северна Македонија по поднесеното барање. Причините за ваквото барање се однесуваат на постапувањето на јавниот обвинител во предметот познат во јавноста како „Рекет“ во којшто првообвинетиот е неправосилно осуден, па првообвинетиот наведе дека за предметното обвинение воопшто не се водела предистражна и истражна постапка, ниту пак истиот бил сослушан во претходната постапка од страна на обвинителот, а воедно предметното обвинение се засновало на истите докази како и предметот „Рекет”.

Во контекст на поднесеното барање за изземање на јавниот обвинител, член на судечкиот совет ги извести странките дека до претседателот на Основниот кривичен суд Скопје поднела барање за нејзино изземање во постапката, со оглед дека истата постапувала во предметот „Рекет“ што се водел против еден од обвинетите во оваа постапка, поради што постоело страв да биде ставена под прашање нејзината непристрасност во предметот поради претходно оформеното мислење во предметот за кој е донесена неправосилна првостепена одлука, кое би можело прејудицирачки да влијае врз одлучувањето. Меѓутоа, претседателот на судот го одбил барањето за нејзино изземање во постапката, со образложение дека не постоеле никакви законски пречки истата да постапува по овој предмет.

Првообвинетиот беше опоменат од страна на судот за непочитување на редот и дисциплината во судницата. Судот по службена должност определи претставник на обвинетото правно лице.

По донесената одлука од Јавното обвинителство на Р. Северна Македонија во врска со поднесеното барање за изземање на јавниот обвинител, на 21.07.2020 и 23.07.2020 година главната расправа започна со воведни говори од обвинителството и одбраната. Главната расправа на 21.07.2020 беше прекината поради здравствени проблеми на еден од обвинетите во постапката, за што беше повикана да интервенира екипа на Итната медицинска помош и по укажаната здравствена помош од нивна страна беше констатирано дека обвинетиот не е во состојба да го следи судењето.

## СУМАРЕН КОМЕНТАР

Во текот на набљудуваниот период со задоволство може да констатираме дека и покрај пандемијата со вирусот COVID-19, поголемиот број на рочишта се одржале, а одложени се околу една третина од рочиштата.

Во однос на анализираните рочишта, повторно се наметнува потребата на преиспитувањето на одредбата на членот 383, ст. 5 од ЗКП, во однос на оправданоста од вклучувањето на судијата при распитот на сведоците. Во таа насока, апсурдноста на ова законско решение и евентуалната неправилна примена во практиката, е евидентна од случајот кога судот не дочекувајќи спротивната странка да постави вкрстени прашања, самиот се става во нејзина улога и ги поставува вкрстените прашања. Дотолку повеќе, причините што ги загатнавме во претходните брифови во однос на недоследната улога на судот преку вмешувањето во постапката се евидентни во едно од набљудуваните рочишта, кога при користењето на правото да постави прашања судот, поставил несоодветни прашања, односно сугестивни или капциозни, за што добил и приговор од јавниот обвинител.

Токму затоа, сметаме дека судиите мора да бидат повоздржани и претпазливи при користењето на овластувањето што им е дадено во ЗКП во членот 383 ст. 5 и истото да го користат само во исклучителни ситуации, а не при секоја можност. Затоа што преку оваа практика на судот кога практично разјаснувањето на определени факти се претвора во засебно испитување, врз основа на кое потоа и се поставуваат дополнителни вкрстени прашања, и тоа само во однос на одговорите на прашањата поставени од судот. Практика која самата по себе е противречна и неприфатлива.

Интересни ситуации на приговори во однос на пристапот до доказите и еднаквоста на оружјата од страна на бранителите имаме согледано и од набљудувањето на рочиштата од овој месец. Па така, обвинетиот приговарал дека немал направено увид во доказите, иако судот го потсетил дека претходно двајца негови бранители веќе направиле целосен увид во доказите. Притоа интересно е да се проанализира оваа практика на обвинетите и бранителите, кои свесно може да ја одолговлекуваат постапката така што обвинетите ги менуваат нивните бранители, кои, од друга страна, согласно ЗКП, секако имаат право на непречен увид во доказите и во предметот.

За поздравување е практиката на судот во насока на подобрување на ефикасноста на судската постапка, кога во услови на огромен број на предложени сведоци пристапил кон промена на редоследот на изведување на доказите. Па така, судот одлучил прво да се изведат материјалните докази, вклучувајќи ги и снимките од видео надзорот, па дури потоа да донесе одлука од кои сведоци би требало да бидат земени исказите, а од кои не, како небитни. За жал се уште е присутна практиката рочиштата да се одлагаат поради неуредна достава, факт кој што некако постојано се провлекува низ судската практика, за кој судовите се уште немаат соодветен одговор.

Конечно, би упатиле и апел и до јавното обвинителство да внимава при споделувањето на доказите со обвинетиот и неговиот бранител и доказите да им го достави во форма која што е електронски достапна и читлива, така што би им овозможиле увид во списите и доказите на обвинетиот и неговиот бранител и без какво и да било ограничување. Исто така, сметаме дека би требало да го апострофираме правилото јавните обвинители да го искористуваат правото на годишен одмор во рамките на т.н. „судска ферија“, со што не би го нарушувале редовното работење на судот.

Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

EU for YOU

AD

КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Во извештајниот период што се однесува на месец август 2020 година беа мониторирани 15 закажани рочишта за кривични постапки од областа на организираниот криминал и корупцијата, притоа не беше нотирано одлагање односно истите беа и одржани.

### К-1904/16–„Насилствово Општина Центар“

Предметот се води за кривично дело „Насилство“ од член 386 став 2 в.в. со став 1 в.в. со член 23 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 17.08.2020 година одбраната предложи нови докази – испитување на сведоци. На рочиштето беа присутни сведоци предложени од одбраната, но истите не беа испитани поради тоа што Судот оцени дека фактите што според предлогот би требало да се утврдат не се релевантни за одлучување (неважен предлог). ЗКП дава можност овие прашања да се решат пред судењето. Од друга страна, поради ангажирање на нов бранител во постапката од страна на обвинетиот, беше одлучено да се даде време за запознавање со доказите, а со тоа отпадна и следното закажано рочиште за 21.08.2020 година.

### КОК-47/17 – „Таргет/Тврдина“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ; „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 1 од КЗ; „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 в.в. став 1 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 25.08.2020 година беа испитани пет сведоци предложени од страна на обвинителството. Обвинителството спроведе директно испитување на начин што ги водеше сведоците низ исказот со прашања, но одбраната во неколку наврати упатуваше забелешки на линија на провокации - дека околностите на кои се испитуваат сведоците не се од суштинско значење за предметот на судењето, при што Судот јавно ги опомена дека со нивното однесување го отежнуваат директното испитување. Одбраната приговараше на начинот на којшто обвинителството ги поставуваше прашањата при испитување, а Судот согласно член 385 став 7 од ЗКП се грижеше за дозволеноста на прашањата и праведното испитување и без истакнат приговор. Одбраната ја искористи можноста вкрстено да ги испита сведоците на обвинителството, а воедно и судот го употреби своето право од член 383 став 5 од ЗКП и самиот да поставува прашања, но ограничени на појаснување на дадените одговори.

На рочиштето за главна расправа од 26.08.2020 година беа испитани седум сведоци на предлог на обвинителството. Одбраната приговараше на прашањата на обвинителството во директното испитување, како и на прашањата на судот којшто го употреби своето право да поставува прашања за појаснување на дадените одговори, при што судот ја извршуваше својата контролна и раководна улога по однос на истакнатите приговори. Дел од сведоците во своите одговори наведоа дека не се сеќаваат на околностите за кои се запрашани поради големата временска дистанца.

## КОК-53/17 – „ТНТ“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. со став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 24.08.2020 година, беа изведени материјални докази на предлог на јавното обвинителство, на начин што беше читан насловот на доказот од страна на обвинителството како нивен предлагач. Инаку, главната расправа по овој предмет е почната одново.

## КОК-60/17 – „Трезор“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 и став 1 в.в. со член 24 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 31.08.2020 година беа испитани два сведока на предлог на обвинителството. Одбраната не го искористи правото вкрстено да ги испита сведоците, но приговараше на директното испитување од страна на обвинителството, што беше спроведено на начин што истото ги водеше сведоците низ исказот со поставување на прашања, а при испитувањето на сведоците им беа предочувани одредени материјални докази. Судот реагираше по истакнатите приговори, а и самиот го искористи правото да поставува прашања, но на начин што во повеќе наврати го прекинуваше директното испитување на сведокот со дополнителни прашања за појаснување на дадените одговори односно давање на поконкретни одговори.

## КОК-64/17 – „Тендери“

Предметот се води за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На главната расправа од 25.08.2020 година во доказна постапка беа изведени материјални докази на обвинителството, но имајќи предвид дека главната расправа по предметот е почната одново по претходна согласност на одбраната, материјалните докази беа изведени на начин што само беа констатирани на записник.

## КОК-66/17 – „Монструм“

Предметот се води за кривичното дело „Тероризам“ од член 394-б став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На главниот претрес од 26.08.2020 година беше предвидено да бидат сослушани четворица сведоци на обвинителството, од кои беа присутни само двајца, додека пак останатите двајца сведоци беа отсутни поради користење на годишен одмор односно семејни причини поврзани со здравствена состојба. За

едниот од присутните сведоци беше одлучено дека бил повикан „по грешка“ односно дека нема релевантни сознанија за предметниот кривично-правен настан. Така, на рочиштето беше сослушан еден сведок на обвинителството, којшто согласно одредбите на „стариот“ ЗКП беше испитуван прво од страна на Судот, а потоа беше дадена можност прашања да поставaт обвинителството и одбраната.

На рочиштето од главен претрес од 31.08.2020 година беше сослушан еден сведок на обвинителството. Судот јавно се пожали дека се соочува со проблеми при повикувањето на сведоците, најмногу поради промена на местото на живеалиште.

## КОК-2/20 – „Организатори на 27ми април“

Предметот се води за кривичното дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ од член 313 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 18.08.2020 година беа испитани тројца претставници на МВР-Сектор за компјутерски криминал и дигитална форензика кои по наредба на јавното обвинителство имаат спроведено исчитување на податоци од мобилните уреди одземени при претрес и составено соодветен извештај. Главната расправа продолжи на 19.08.2020 година со изведување на материјалните докази на обвинителството, на начин што беше презентирана нивната содржина, со што беше исцрпена листата на докази предложена од обвинителството.

На рочиштето за главна расправа од 21.08.2020 година доказната постапка продолжи согласно законскиот редослед со изведување на докази на предлог на одбраната, и тоа материјални докази на предлог на првообвинетиот. Одбраната предложи извештаите од исчитувањето на мобилните уреди изготвени од страна на испитаните претставници на МВР, да бидат издвоени од списите на предметот од причина според одбраната истите не се прибавени на со закон предвидениот начин. Воедно, одбраната предложи да се прибават докази за акредитација на МВР за изведување на форензички вештачења од областа на информатичките технологии, како и сослушување на началникот на Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика. Постапувајќи по наведените предлози на одбраната, судот донесе решение да го прифати предлогот да се сослуша началникот на Секторот, а го одби предлогот да се издвојат извештаите изготвени од МВР како овластена институција. Изведувањето на материјалните докази на предлог на одбраната со презентирање на нивната содржина, продолжи и на рочиштето од главна расправа одржано на 26.08.2020 година.

## КОК-7/20 – „Титаник 2“

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. со член 23 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член со 22 од КЗ и „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 5 в.в. со став 4 од КЗ.

На 27.08.2020 година со воведни говори од страна на обвинителството, одбраната и обвинетите започна главната расправа по предметот, којшто е вратен на повторно судење согласно одлука донесена од второстепениот суд постапувајќи по жалба. Воведните говори беа дадени на начин што странките изјавија дека остануваат во целост на она што било изнесено во „првичната постапка“.

Јавниот обвинител којшто е овластен од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија да го води овој предмет, изврши промена на фактичката состојба утврдена со обвинителниот акт заради промена на вредноста на штетата што е причинета со кривичните дела што им се ставаат на товар на обвинетите.

## КОК-49/20– „Меѓународен сојуз“

Предметот се води за кривичните дела „Измама“ од член 247 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 од КЗ и „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 396 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 26.08.2020 година започна доказната постапка по предметот. Согласно законскиот редослед на изведување на доказите, беа изведени материјалните докази предложени од страна на обвинителството на начин што истите беа визуелно презентирани со помош на технички уреди и со кусо образложување на нивната содржина. Судот донесе решение јавноста да биде исклучена при изведување на доказите поради заштита на приватниот живот на обвинетите, но согласно член 355 став 2 од ЗКП беше дозволено присуство на претставници на Коалицијата „Сите за правично судење“ во својство на стручна јавност.

## КОК-64/20 – „Колибри“

Предметот се води за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанци и прекурсори“ од член 215 став 3 во врска со став 1 од КЗ.

На 21.08.2020 година со воведни говори од обвинителството и одбраната започна главната расправа по предметот. Обвинетата во предметот се изјасни дека не го сфаќа во целост за што е обвинета, но Судот не направи напор за појаснување на неа разбирлив начин за кое кривично дело се обвинува, а воедно и поуките за правата на обвинетите во постапката беа дадени само со нивно набројување.

## СУМАРЕН КОМЕНТАР

Од набљудуваните рочишта за месец септември 2020-та година, радува фактот дека се одржани сите рочишта и ниту едно не е одложено.

Притоа, за поздравување е и фактот дека на едно рочиште во случаите кога судот се впуштал во поставување прашања на сведоците, во смисла на членот 383, ст. 5 од ЗКП, бил внимателен и поставувал прашања исклучително согласно законски определената надлежност.

Сепак, дека ова постапување е повеќе исклучок, говори и фактот дека судот на друго рочиште своето право на вмешување во искористувал дури и во текот на поставувањето на директните прашања, без притоа да почека да заврши распитот со директни и вкрстени прашања, со што со своето поведение може само да ја наруши динамиката на изнесувањето на теоријата на случајот на обвинителот, а со тоа и непримерно му го ускратува правото за поставување вкрстени прашања на обвинетиот и неговиот бранител, со што се атакува врз начелото на контрадикторност во кривичната постапка.

Во поглед на почнувањето на главната расправа од почеток, евидентна е практиката кога странките се согласуваат материјалните докази само да се наведат на записник, без притоа да се даде каква било експликација на истите.

Интересен недостаток е увиден и во ситуацијата кога настанува повторување на кривичната постапка, согласно одлука по правен лек, при што во текот на новата постапка, во воведни говори странките изјавил дека остануваат на истите воведни говори наведени во текот на првата постапка. Сметаме дека оваа практика е непримерна и не треба да се толерира од страна на судот, бидејќи при повторување на постапката имаме нов состав на судот, а согласно тоа, судот и странките треба да сметаат и да се однесуваат дека тоа е и ново судење и треба доследно да се преземаат сите процесни дејствија. Дотолку повеќе што во текот на новото судење јавниот обвинител извршил промена во квалификацијата во однос на штетата, па со самото тоа се поставува прашањето дали и колку може јавниот обвинител да остане на веќе дадениот воведен говор, во услови на промена на така значаен елемент од обвинението.

Сметаме дека е упатно да се повтори дека судиите треба поуките за правата на обвинетиот да ги гледаат како суштински дел од главната расправа, бидејќи од правилното давање на овие поуки во голема мерка зависи и перцепцијата за судската постапка од страна на обвинетиот, како и неговата можност ефикасно да се брани. Токму затоа сметаме дека е неприфатливо судот во услови на даден приговор од страна на обвинетиот дека не разбира зошто е обвинет, само накратко и бегло да ги наброи правата на обвинетиот. Ова не би требало да биде така, дури ни во случаите кога обвинетиот очигледно знае за што е обвинет и само сака со потсмев да се однесува кон судот. Напротив, судот е должен и мора да му ги објасни правата на разбирлив начин на обвинетиот, посебно доколку во текот на главната расправа обвинетиот јавно каже дека не го разбира обвинението, без притоа судот да навлегува во толкувањето и шпекулирањето дали обвинетиот го разбира обвинението.

За жал практиката на промена на бранителите како начин за влијание врз текот на главната расправа и нејзино одолговлекување е увидена повторно во предмет што се суди веќе четири години. Од тие причини сметаме дека е потребно да се направат дополнителни анализи во поглед на изнаоѓање на начин за ограничување на овие злоупотреби на начелото на ефикасност на судската постапката од страна на обвинетите и нивните бранители.

Мониторинг и подобрувањенакапацитетотнаинституциитевосправувањесоорганизиранкриминал и корупција
Monitorimidhepërmirësimiikapacitetevetëinstitucionevenëballafaqim me krimin e organizuardhekorrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

EU for YOU

AD

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски иницијативи и Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

## АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

Во извештајниот период што се однесува на месец септември 2020 година беа мониторирани 42 закажани рочишта за кривични постапки од областа на организираниот криминал и корупцијата, од кои 34 беа одржани, а 8 беа одложени.

### К-817/11 – „Маѓар Телеком“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 вв став 4 и став 1.

Рочиштето за претрес закажано на 22.09.2020 година беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител од причина што во истиот термин јавниот обвинител присуствувал на закажано судење по друг предмет што се води во Одделението за организиран криминал и корупција.

### К-1904/16–„Насилство во Општина Центар“

Предметот се води за кривично дело „Насилство“ од член 386 став 2 в.в. со став 1 в.в. со член 23 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 17.09.2020 година во дополнение на доказна постапка одбраната предложи да се изведат материјални и вербални докази, при што судот делумно го прифати ваквиот предлог, односно дозволи да се изведат материјалните докази, а предлогот за изведување на вербалните докази беше одбиен согласно член 385 став 3 од ЗКП, како непотребен и без значење за предметот. Материјалните докази без изведени со читање на насловот на доказот и дел од нивната содржина и со тоа заврши доказната постапка.

На рочиштето за главна расправа од 24.09.2020 година јавното обвинителство даде завршни зборови со кои изврши и прецизирање на обвинителниот предлог и го повлече обвинението спрема тројца од обвинетите, а завршен збор дадоа и оштетениот во постапката, бранителите на двајца обвинети и еден обвинет. Завршните зборови на бранителите на останатите осум обвинети беа дадени на рочиштето од 28.09.2020 година, а обвинетите изјавија дека остануваат на она што нивните бранители го изнеле во завршниот збор.

Следниот ден, на 29.09.2020 година судот јавно ја објави пресудата со која обвинетите беа огласени за виновни и на истите им изрече алтернативна мерка – условна осуда од 9 месеци казна затвор што нема да се изврши ако осудените во следните 3 години не сторат друго кривично дело, условна осуда од 6 месеци казна затвор доколку во следните 2 години не сторат друго кривично дело и условна осуда од 1 година казна затвор доколку во следните 4 години не сторат друго кривично дело, а на еден од обвинетите на кого му се суди во отсуство му беше изречена казна затвор во траење од една година и шест месеци. Со пресудата судот ги задолжи осудените солидарно да ја надоместат штетата во износ од 27 милиони денари во рок од 15 дена на правосилноста на пресудата.

## К-1959/17 – „Тортура“

Предметот се води за кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од член 142 став 1 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 09.09.2020 година беа испитани четворица сведоци предложени од страна на обвинителството. Со оглед на фактот дека главната расправа по предметот е почната одново, јавниот обвинител заради економичност на постапката предложи повиканите сведоци да не се сослушуваат одново туку вербалните докази да бидат изведени со читање на нивните искази внесени во записниците од претходните рочишта за главна расправа, со што се отстапи од правилото за непосредно изведување на доказите во смисла на член 388 од ЗКП. Сведоците се изјаснија дека во целост остануваат кон веќе дадените искази, истите беа прочитани, а странките немаа дополнителни прашања. На истиот начин беа изведени и вербалните докази на рочиштето за главна расправа од 21.09.2020 година.

## К-1413/19 – „Талир 2“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 4 в.в. став 3 в.встав,1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 01.09.2020 година беа испитани четворица сведоци на предлог од обвинителството, а истите се предложени и од страна на одбраната, па судот согласно член 385 став 1 од ЗКП одлучи да отстапи од законскиот редослед на изведување на доказите утврден со член 382 од ЗКП и во смисла на начелата на целесообразност, ефикасност и економичност на постапката, сведоците на истото рочиште беа испитани и како сведоци на обвинителство и како сведоци на одбраната. Судот го прифати предлогот на одбраната согласно член 388 став 2 од ЗКП на сведоците во вкрстено испитување да им бидат предочени исказите дадени во истражна постапка заради потсетување на одредени факти и околности, на којшто предлог обвинителството се противеше истакнувајќи дека станува збор за погрешно толкување на одредбата.

На главната расправа од 24.09.2020 година повторно беше применет истиот начин на испитување на сведоците, односно на рочиштето беа испитани двајца сведоци и како сведоци предложени од обвинителството и како сведоци на предлог на одбраната. Во текот на испитувањето на првиот сведок беше присутен еден од повеќето бранители на второобвинетиот, кој по распитот го извести судот дека мора да ја напушти расправата поради обврски во друг предмет. Претседателот на судечкиот совет стапи во контакт со останатите бранители на второобвинетиот и од нив побара да се координираат за присуство на рочиштето со цел да не биде прекршено правото на обвинетиот да има бранител во постапката и да продолжи главната расправа во фаза на доказна постапка. Во судницата пристапи еден од бранителите на второобвинетиот кој му укажа на судот дека на денешното рочиште не е во можност да му обезбеди соодветна одбрана на обвинетиот, поради ангажман на друг предмет за што судот бил известен со писмен поднесок. Претседателот на судечкиот совет реагираше и укажа дека термините за расправа биле однапред утврдени и закажани во координација со странките во постапката и главната расправа продолжи со испитување на вториот сведок, во присуство на повиканиот бранител кој потоа пристапи кон испитување на сведокот.

## КОК-47/17 – „Таргет/Тврдина“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ; „Фалсификување службена исправа“ од член 361 став 1 од КЗ; „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 в.в. став 1 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 02.09.2020 година беа испитани двајца сведоци предложени од страна на обвинителството, кои воедно се предложени и од страна на одбраната, па судот во контекст на начелото на економичност, ефикасност и целисходност на постапката одлучи сведоците да бидат испитани на истото рочиште и како сведоци на одбраната. Одбраната се спротивстави на оваа одлука и истакна дека не се подготвени за директно испитување на сведоците и остана на предлогот истите да бидат повикани како сведоци на одбраната, за што судот посочи дека за тоа дополнително ќе одлучи имајќи предвид дека на ова рочиште било овозможено директно испитување на сведоците од страна на одбраната. Истата ситуација се повтори и на главната расправа од 14.09.2020 година кога беа испитани шест сведоци на предлог на обвинителството, предложени да бидат испитани како вербални докази и од страна на одбраната.

На рочиштата одржани на 22.09.2020 година и 30.09.2020 година обвинителството директно испита 18 односно 13 сведоци-оштетени од редот на носители на јавни функции, новинари, адвокати, бизнисмени и лица од приватниот сектор и финансиските институции, невладини организации и дипломатски претставништва, чии комуникации согласно теоријата на обвинителството биле незаконски следени и истите се произнесуваа по однос на оштетното побарување. Одбраната не ја искористи можноста за вкрстено испитување и не истакна приговори на начинот на кој беа поставувани прашањата, а судот го искористи своето право согласно член 383 став 5 и самиот да постави прашања за појаснување на дадените одговори.

## КОК-52/17 – „Траекторија“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и кривично дело „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359 став 2 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 07.09.2020 година беа истакнати приговори од страна на одбраната во однос на вештачењето изработено по наредба на јавното обвинителство. Главната расправа продолжи на 21.09.2020 година со директно и вкрстено испитување на сведок предложен од обвинителството. Обвинителството и одбраната истакнуваа приговори меѓусебно на начинот на поставување на прашањата, при што судот согласно член 385 став 7 од ЗКП се грижеше за дозволеноста на прашањата по истакнатите приговори, а воедно го искористи и правото од член 383 став 5 да постави прашања за појаснување на дадените одговори.

## КОК-53/17 – „ТНТ“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од

член 353 став 3 в.в. став 1 в.в. член 23 став 1 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член 22 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 3 в.в. со став 1 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 01.09.2020 година, истата продолжи во фаза на доказна постапка и беа изведени материјални докази на предлог на јавното обвинителство, со читање на насловот на доказот. Одбраната се спротивстави на начинот на изведување на материјалните докази и побара нивно презентирање, но судот го одби ова барање со образложение дека согласно член 392 став 4 од ЗКП доказниот материјал се чита, освен ако странките не се договорат поинаку, во конкретниот предмет треба да се има предвид дека главната расправа е започната одново и материјалните докази веќе еднаш биле изведени на поинаков начин, односно со презентација на содржината. На рочиштето за главна расправа од 14.09.2020 година обвинителството продолжи со изведување на материјалните докази со читање на насловот на докази, а воедно беа изведени и како докази и разговори од незаконското следење на комуникациите, со нивно преслушување во форма на аудио-снимки. Одбраната повторно приговараше на начинот на изведување на материјалните докази и бараше одредени докази да бидат отстранети од листата на докази поради сомнеж за нивната веродостојност. Се постигна согласност оние докази кои се спорни за одбраната да бидат изведени на следното рочиште со презентирање на нивната содржина. По завршувањето на преслушувањето на аудио-снимките, судот на барање на обвинетите дозволи нивниот технички советник да направи увид во носачот на звук на којшто се снимени. Еден од бранителите го користеше правото да го користи својот мајчин албански јазик во постапката и му беше доделен преведувач, а истиот бараше и изземање на јавниот обвинител и соопшти дека поднел такво барање до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Согласно претходно дадената согласност на странките, на рочиштето за главна расправа од 30.09.2020 година беа изведени преостанатите материјални докази од страна на јавното обвинителство, на начин што дел беа изведени со читање на насловот на доказот, а за дел беше детално презентирана нивната содржина. Еден од бранителите побара сите докази да бидат детално презентирани и побара повеќе да не се наведува во записник дека му е обезбеден симултан превод од албански на македонски јазик бидејќи судот нема технички услови за да го обезбеди истото, иако таков преведувач му е доделен. Воедно, наведе дека се чувствува лично навреден поради тоа што јавниот обвинител и членот на судечкиот совет од албанска националност не го користат албанскиот јазик, при што беше опоменат од страна на претседателот на судечкиот совет, но истиот продолжи да се произнесува без дадена дозвола па беше казнет со парична казна од 1000 евра во денарска противвредност заради непочитување на судот.

## КОК-57/17 – „Топлик“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На рочиштето одржано на 15.09.2020 година главната расправа согласно член 371 став 3 од ЗКП започна одново поради одлагање што траело подолго од 90 дена, при што јавниот обвинител се произнесе дека останува на претходно дадениот воведен говор, а одбраната одново даде воведен говор. Писмените и материјалните докази по постигната согласност од странките се внесоа на

денешниот записник како изведени докази. Судот донесе решение со кое го прифати предлогот на одбраната за одбивање на вештиот наод и мислење предложен како доказ од обвинителството, бидејќи во моментот на изготвување на истиот вештакот немал валидна лиценца, односно истата била со истечена важност.

## КОК-60/17 – „Трезор“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 в.в. став 1 в.в. член 22 од КЗ и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 3 и став 1 в.в. со член 24 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 25.09.2020 година беше отсутен претставник на Државното правобранителство на Република Северна Македонија којшто со поднесок го известил судот дека бара увид во предметот како би можел да се произнесе. Судот ја повика одбраната да се произнесе дали останува на поднесената листа на докази и да се произнесе во однос на околностите на кои би биле испитани предложените сведоците, при што одбраната презеде обврска писмено да се произнесе за околностите во рокот од 7 дена што го определи судот.

## КОК-64/17 – „Тендери“

Предметот се води за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в со став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

Рочиштето за главна расправа од 18.09.2020 година се одложи поради неисполнување на законските предуслови за одржување на главна расправа, односно отсуство на обвинета од здравствени причини, за што дополнително ќе биде доставена соодветна медицинска документација. На рочиштето беа присутни дел од повиканите сведоци кои реагираа поради тоа што судењето се одложува и што повторно се задолжени да присуствуваат и на следното рочиште, а имајќи предвид дека истите веќе имаат дадено исказ во постапката со оглед дека главната расправа е одново започната. Дел од повиканите сведоци за денешното рочиште не беа присутни, од кои за дел беше утврдено дека не се уредно викани, па судот издаде наредба до надлежната полициска станица за нивно пронаоѓање и доведување на следното рочиште.

## КОК-66/17 – „Монструм“

Предметот се води за кривичното дело „Тероризам“ од член 394-б став 1 в.в. со член 22 од КЗ.

На главниот претрес од 03.09.2020 година беа сослушани двајца сведоци предложени од обвинителството, на начин што сведоците беа најпрво испрашани од страна на претседателот на судечкиот совет, а потоа им беше дадена можност на странките во постапката да поставуваат прашања, која беше искористена од страна на обвинителството, одбраната, обвинетите и полномошникот на дел од оштетените. При испитувањето на сведоците беа предочувани докази со цел потсетување на одредени околности.

Сослушувањето на сведоци на предлог на обвинителството продолжи и на главниот претрес од 10.09.2020 година, додека пак на рочиштето од 21.09.2020 година беа сослушани двајца сведоци на предлог на одбраната. Дел од материјалните докази предложени од страна на одбраната (транскрипти од телефонски разговори) беа повлечени од листата на докази на барање на одбраната. Сведоци на одбраната беа сослушувани и на главниот претрес одржан на 30.09.2020 година, при што при давањето на исказот одбраната во неколку наврати им посочи дека давањето лажен исказ е кривично дело, а на приговорот од страна на обвинителството дека околностите на кои се испитуваат сведоците се нерелевантни за кривично-правниот настан одбраната возврати со недолични зборови, но од страна на судот изостана одредена поостра реакција на таквото однесување на одбраната.

## КОК-7/18 – „Титаник“

Предметот се води за следните кривични дела: „Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од КЗ; „Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања“ од член 165-а став 1 в.в. член 45 од КЗ; „Повреда на избирачкото право“ од член 159 став 2 в.в. со став 1 в.в. со член 45 од КЗ; „Повреда на слободата на определување на избирачите“ од член 160 став 2 в.в. со член 23 и член 45 од КЗ; „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 и член 23 од КЗ; „Фалсификување исправа“ од член 378 став 2 в.в. член 45 од КЗ; „Поткуп при избори и гласање“ од член 162 став 1 и в.в. со член 45 од КЗ; „Уништување на изборен материјал“ од член 164 став 2 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 02.09.2020 година беа директно и вкрстено испитани четворица сведоци на предлог на обвинителството, а истите дејствија беа преземени и на главната расправа од 16.09.2020 година на кое беа испитани шест сведоци. Дел од повиканите сведоци не беа присутни на денешното рочиште, при што судот утврди дека дел од нив се уредно повикани, за тројца нема уредна достава, а еден сведок се обратил со известување до судот дека не може да присуствува поради тоа што користи мерки за заштита од пандемијата со КОВИД-19. Судот ги опомена на записник дел од обвинетите и нивните бранители за нивното однесување во судницата. Еден од бранителите побара коригирање на записникот што се водеше со диктирање и видео и тонско снимање, но судот не го прифати барањето. Изведувањето на вербални докази на предлог на обвинителството продолжи и на главната расправа одржана на 22.09.2020 и 29.09.2020 година, на кои рочишта беа директно и вкрстено испитани четворица односно десет сведоци. При испитувањето на сведоците и обвинителството и одбраната приговараше на начинот на којшто спротивната страна ги поставува прашањата, а судот внимаваше на дозволеноста на прашањата по истакнатите приговори и самиот го искористи правото да поставува прашања. При испитувањето на сведоците беа користени и искази дадени во претходната постапка поради неконзистентни/различни одговори на прашањата. Дел од сведоците беа предложени и од страна на одбраната согласно доставената листа на докази, но одбраната ги повлече предлозите за секој сведок поединечно. Дел од повиканите сведоци повторно не беа присутни и за истите немаше доказ за уредна достава. На рочиштето одржано на 29.09.2020 година, судот казни еден од бранителите во постапката со парична казна во висина од 500 евра во денарска противвредност, бидејќи истиот со задоцнување се појави на рочиштето по направената пауза.

## КОК-3/19 – „Талир“

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 в.в.став 3 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело“ одчлен 273 став 1 в.в. член 22 в.в. член 45 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член353 став 4 в.в. став 3 в.в. став 1 в.в. член 24 в.в. член 45 од КЗ и „Перење пари и други приноси одказниво дело“ од член 273 став 12 в.в. став 1 в.в. член 45 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 09.09.2020 година беа директно и вкрстено испитани двајца сведоци на предлог на обвинителството. Пред започнување на главната расправа одбраната побара збор и наведе дека поради стапувањето во сила на Законот за јавно обвинителство што содржи одредби во однос на доказната вредност на материјалите и транскриптите за предмети кои се покренати по 30.06.2017 година, па побараа овие докази да бидат повлечени од листата на докази на обвинителството. На ваквиот предлог обвинителството одговори дека истиот е прерано даден со оглед дека во доказната постапка сѐ уште се изведуваат вербални докази, а судот не се произнесе. Рочиштето закажано за 23.09.2020 година беше одложено поради отсуство на претставникот на обвинетото правно лице. На судот му беше укажано дека отсуството е поради здравствени причини, но со оглед на тоа дека до моментот на започнување на расправата не бил доставен поднесок, судот даде задолжение да биде приложена документација во рок од 3 дена, а со цел поткрепување на изнесените тврдења како причини за отсуството.

## КОК-2/20 – „Организатори на 27ми април“

Предметот се води за кривичното дело „Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста“ од член 313 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 04.09.2020 година директно и вкрстено беа испитани десет сведоци на предлог на одбраната, инаку пратеници од собранискиот состав во времето на случување на кривично-правниот настан. Обвинителството и одбраната реагираа меѓусебно со приговори на начинот на поставување на прашањата, а воедно и судот го искористи своето право да поставува прашања за појаснување на дадените одговори. Испитувањето на сведоците предложени од страна на одбраната продолжи и на главната расправа одржана на 10.09.2020 година, на која во својство на сведоци беа испитани седум лица - носители на пратеничка функција. Испитувањето се одвиваше во напната атмосфера, проследена со бројни приговори од страна на одбраната и обвинителството. На рочиштето за главна расправа од 18.09.2020 година беа изведени вербални докази на предлог на првообвинетиот односно беа испитани пет од вкупно осумте сведоци повикани на судењето. Рочиштето за главна расправа закажано за 28.09.2020 година беше одложено од причина што терминот за судење се совпаднал со рочиштето за завршни зборови по предметот „Насилство во Општина Центар“ во кој е обвинето едно од обвинетите лица во овој предмет и се ангажирани исти бранители.

## КОК-7/20 – „Титаник 2“

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. со член 23 од КЗ, „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од

член 353 став 5 в.в. со став 1 в.в. член со 22 од КЗ и „Примање награда за противзаконито влијание" од член 359 став 5 в.в. со став 4 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 04.09.2020 година беа изведени материјални докази на предлог на обвинителството, на начин што со согласност на странките согласно член 392 став 4 и член 371 од ЗКП истите се изведоа со нивно читање односно внесување на записник. Рочиштето за главна расправа закажано за 28.09.2020 година беше одложено од причина што терминот за судење се совпаднал со рочиштето за завршни зборови по предметот „Насилство во Општина Центар" во кој застапник на обвинението е јавниот обвинител кој постапува и по овој предмет.

## КОК-30/20 – „Шпански скали"

Предметот се води за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353 од КЗ и „Несовесно работење во службата" од член 353-в од КЗ.

Рочиштето за главна расправа закажано на 03.09.2020 година беше одложено поради отсуство на обвинета од причина што и` се појавиле одредени симптоми карактеристични за зараза со КОВИД 19, па истата се наоѓа во самоизолација. Главната расправа на 25.09.2020 година започна одново согласно член 371 став 2 од ЗКП, односно промена на составот на судечкиот совет. Претседателот на судечкиот совет откако го утврди идентитетот на обвинетите веднаш пристапи со поуките за правата на обвинетите и побара истите да се произнесат за вината, пред Јавниот обвинител да даде воведен говор, што е спротивно на член 380 од ЗКП. По приговор од одбраната судот образложи дека е направена ненамерна грешка за редоследот на изведување на дејствијата. По произнесувањето на сите обвинети, при што некои од нив изјавија дека не го разбираат обвинението, судијата побара од јавниот обвинител да даде воведен говор, кој пак се произнесе дека останува на дадениот воведен говор. Ваквото постапување не е во согласност со одредбата од членот 379 од ЗКП, а во врска со членот 371 став 2 од ЗКП, со оглед дека главната расправа е одново започната поради промена на член на судечкиот совет, дотолку повеќе ако се земе предвид фактот дека одбраната бараше истиот да биде повторно даден од страна на јавниот обвинител. Одбраната и обвинетите одново дадоа воведен говор.

## КОК-49/20– „Меѓународен сојуз"

Предметот се води за кривичните дела „Измама" од член 247 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело" од член 273 од КЗ и „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" од член 396 од КЗ.

Рочиштата за главна расправа закажани за 10.09.2020 година и 24.09.2020 година беа одложени поради отсуство на обвинет во предметот од здравствени причини.

## КОК-64/20 – „Колибри"

Предметот се води за кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" од член 215 став 3 во врска со став 1 од КЗ.

На рочиштето за главна расправа од 07.09.2020 година беа испитани двајца сведоци на предлог на обвинителството. При директното испитување на сведоците јавниот обвинител ги водеше со прашања низ исказот, при што сведокот посочи дека не ги разбира прашањата и околностите на кои се испитува, а јавниот обвинител се впушти во коментари на неговите одговори. При испитувањето беа користени искази дадени во претходната постапка заради потсетување на одредени околности. Одбраната истакна приговори на начинот на поставување на прашањата, а воедно ја искористи можноста за вкрстено испитување. И судот го искористи своето право да поставува прашања за појаснување на дадените одговори, но и коментираше на одговорите од сведоците.

## Сумарен коментар

Во набљудуваниот период, за пофалба е фактот дека поголемиот број од рочиштата се одржани, а помал дел се одложени, и тоа најмногу поради здравствени причини или поради преклопување на термините за истите обвинети или бранители. Во оваа насока, сметаме дека ваквите околности се можни во услови на „поклопување“ на термините на бранителите и на обвинетите, но сепак, сметаме дека судот при насрочувањето на предметите би требало да вложи поголем напор со цел одбегнување на оваа практика.

Од набљудуваните рочишта интересна е една искристализирана практика на судот, каде во услови на сведок што е предложен за сведок од страна на двете странки судот прифаќа отстапување од дадениот редослед на изведување на доказите согласно ЗКП, па истиот сведок прво го испитува странката што го предложила во директно испитување, па по вкрстените прашања во директно испитување го испитува другата странка. Сметаме дека со воведувањето на ваквата практика под закрила на заштитата на начелото на економичност и ефикасност на кривичната постапка, се руши начелото на фер постапување и концептот на новиот ЗКП. Имено, преку кршење на редоследот на изведувањето на доказите, се доведува во прашање кредибилност на сведокот и на некој начин сведокот како доказно средство се девалвира бидејќи неговиот исказ не се оценува во согласност на теоријата на случајот на странките, туку едноставно се испитува за се што видел и/или чул, без оглед дали тоа е поврзано со конкретниот случај или не, а дотолку повеќе ниту не може да се сфатат аргументите поради кои сведокот е повикан да сведочи како дел од теоријата на случајот на едната или другата странка.

Дотолку повеќе, сметаме дека ваквата практика на судот е неприфатлива и би требало да се искорени, посебно во случаите кога сведокот врши промена на исказот, во однос на претходно дадениот исказ во текот на претходната постапка, со што самиот институт на соочување на сведокот со неговиот претходен исказ, а со тоа и оценката за неговата кредибилност се доведува под прашање. Ова значи дека под закрила на определена недоследност во исказот на сведокот, целиот сведок би се оценил како нерелевантен, иако, во суштина само мал дел од неговиот исказ може да биде противречен, што генерално и не би му попречило на судот да положи верба во сведочењето на ваквиот сведок.

За жал, преку оваа практика на судот и странките во постапката, во голема мерка се стимулира кавгаџиskиот карактер на главната расправа, наместо да се стимулира судницата како место за аргументирано дискутирање и спротивставување на фактите и ставовите.

На едно рочиште е увиден превид од страна на судот при преземањето на редоследот на процесните дејствија од главната расправа, што по приговор на странките било коригирано. Сметаме дека и покрај

фактот дека вакви ненамерни пропусти се можни, судот би требало повеќе да внимава и истите да ги ограничи и превенира.

Во однос на нивото на дискусијата во судницата, сметаме дека судот не би требало да има разбирање за ниското ниво на странките и не би требало да го толерира „кавгаџискиот“ однос на бранителите. Сепак, се работи за размена на аргументи помеѓу професионалци, каде личните чувства треба да бидат оставени надвор од судската зграда, при што доколку посведочи на ваков настан, судијата би требало самоуверено да ги користи овластувањата за дисциплински санкции на странките. Во оваа насока судот би требале да ги користи своите овластувања за дисциплинирање на странките во услови на недолични коментари во однос на дадените искази на сведоците, а воедно и самиот суд треба да се воздржи од какви било коментари од овој тип.

Во поглед на злоупотребите на овластувањата од страна на бранителите во насока на одолговлекување на постапките и/или одлагање на рочиштата од главните расправи, во текот на овој месец посведочивме и практика кога еден од бранителите очигледно го злоупотребил правото на употреба на јазикот во текот на кривичните постапки, барајќи преведување на целиот предмет на албански јазик, со изговор дека не го разбира македонскиот јазик. Во услови на вакви злоупотреби сметаме дека поголемо внимание би требало да обрне Адвокатската комора и Министерството за правда, бидејќи ваквите недолични коментари, со очигледна позадина за рушење на угледот на судот, нарушување на редот на судењето или одолговлекување на постапката, се во спротивност со адвокатската етика, а и во спротивност со одредбите од Законот за адвокатура, каде јасно се наведени условите за стекнување на адвокатската лиценца, меѓу кои е и условот за задолжително познавање на македонскиот јазик.

Конечно и во оваа пригода ја истакнуваме потребата од зголеменото внимание при изведувањето на доказите, пред се во случаите кога кривичната постапка е повторена или кога главната расправа започнува од почеток, првенствено имајќи ги предвид начелата на кривичната постапка, врз основа на кои почиваат овие процесни институти.